САМОЕВАЛУАЦИЈА НА СОУ„ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ - ГЕВГЕЛИЈА

ЗА ПЕРИОДОТ 2023 - 2025 година

# САМОЕВАЛУАЦИЈА ОД РАБОТАТА НА

# СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“

## ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 и 2024/2025 ГОДИНА

Гевгелија, 2025

## СОДРЖИНА:


Подрачје 1 ..... 9

НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ..... 9

Индикатор 1.1 Реализација на наставните планови и програми ..... 9

*Индикатор 1.2.* ..... 26

*Квалитет на наставните планови и програми* ..... 26

Индикатор 1.3. ..... 32

Воннаставни активности ..... 32

Подрачје 2 ..... 42

ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 42

Индикатор 2.1 Постигања на учениците ..... 42

Споредбени показатели во истиот период од претходните две учебни години ..... 53

Индикатор за квалитет 2.2 ..... 60

Задржување/осипување на учениците ..... 60

Индикатор 2.3 ..... 64

Повторување на учениците ..... 64

- Увид во педагошката евиденција за учебните 2023/24 и 2024/25 година ..... 64
- Статистички извештај на запишани ученици за учебна година ..... 64
- Годишна програма на училиштето за учебните 2023/24 и 2024/25 година ..... 64
- Годишен извештај на училиштето за учебните 2023/24 и 2024/25 година ..... 64

Подрачје 3 ..... 67

УЧЕЊЕ И НАСТАВА ..... 67

Индикатор 3.1 ..... 67

Планирање на наставниците ..... 67

Индикатор 3.2. Наставен процес во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година ..... 72
ИНДИКАТОР 3.3. ИНТЕРАКТИВНОСТ ВО НАСТАВАТА ..... 78
ИНДИКАТОР 3.4 ИКТ во наставата ..... 92
ИНДИКАТОР 3.5 Интеграција на еколошкото образование 2021/2022 и 2022/2023 година ..... 104
ИНДИКАТОР 3.6. ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО ..... 108
Индикатор 3.7 Известување за напредокот на учениците ..... 127
Подрачје 4 ..... 136
ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 136
Индикатор 4.1 ..... 136
Севкупна грижа на учениците ..... 136
Индикатор 4.2 ..... 139
Здравје ..... 139
Индикатор 4.3 ..... 141
Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ..... 141
Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 146
ИНДИКАТОР 5.1. Училишна клима и односи во училиштето ..... 147
Индикатор 5.2 Промовирање на постигањата ..... 155
Индикатор 5.3 Еднаквост и правичност ..... 160
ИНДИКАТОР 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница ..... 162
Подрачје на вреднување 6. РЕСУРСИ ..... 171
6.1. Сместување и просторни капацитети ..... 171
6.2. НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ ..... 172
6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар ..... 175
Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на анставниот кадар ..... 176
Индикатор 6.5 Финансиско работење во училиштето ..... 179
SWOT анализа ..... 185

Подрачје на вреднување 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА ........ 186
Индикатор 7.1 Управување и раководење со училиштето ........ 186
Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика ........ 190
Индикатор 7.3 Развојно планирање ........ 195
*Подрачје 8. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА* ........ 196
8.1.КОМУНИКАЦИИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ ........ 196
8.2 Комуникации на ниво на училница ........ 200
8.3 Комуникација со опкружувањето на училиштето ........ 201




**Шематски приказ на процесот на самоевалуација**

**Вовед во самоевалуацијата на училиштето**

***Самоевалуацијата на училиштето*** е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Самоевалуацијата на училиштето во себе содржи три клучни елементи: климата на училиштето, реализацијата на наставата, односите наставник –ученик – родител, кои мора да се темелат на објективни и релевантни податоци што ќе не упатат кон подобрување на целокупниот воспитно – образовен процес. Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

Самоевалуацијата опфаќа неколку ***цели***, и тоа:

- ☑ Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;
- ☑ Ефективно и ефикасно раководење со училиштето;
- ☑ Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем;
- ☑ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати;
- ☑ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;
- ☑ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- ☑ Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитнио-образовниот процес во училиштето.

Самоевалуацијата е основен двигател на наставниот процес во функција на доживотното учење и унапредување на квалитетот на образовните постапки на кадарот во училиштето.

***Самоевалуацијата е важна бидејќи:***

- Воспоставува подобри основи за навремено планирање и обезбедување на финансиски средства.
- Ги развива способностите за поставување на цели и усогласување на ресурсите со можностите.
- Ги открива слабите и јаките страни.

- Ги идентификува факторите кои влијаат на забавувањето и стратегиите за подобрување на квалитетот во наставата *(важноста и значењето на самоевалуацијата).*

**Подрачја на вреднување, индикатори,техники и инструменти на самоевалуацијата**

Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат условите во кои училиштето работи, процесите кои се одвиваат во него како и резултатите и постигнувањата на училиштето. Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување и индикаторите за квалитет:

| ПОДРАЧЈА НА ВРЕДНУВАЊЕ | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| **1. Наставни планови и програми** |  Организација и реализација на наставните планови и програми<br> Квалитет на наставните планови и програми<br> Воннаставни активности |
| **2. Постигања на учениците** |  Постигања на учениците<br> Задржување/осипување на учениците<br> Повторување на учениците |
| **3. Учење и настава** |  Планирање на наставниците<br> Наставен процес<br> Искуства на учениците од учењето<br> Задоволувања на потребите на учениците од наставата<br> Оценување како дел од наставата<br> Известување за напредокот на учениците |

| | |
|---|---|
| **4. Поддршка на учениците** |  Севкупна грижа за учениците<br> Здравје<br> Советодавна помош<br> Следење на напредокот |
| **5. Училишна клима и односи во училиштето (ЕТОС)** |  Училишна клима и односи во училиштето<br> Промовирање на постигањата<br> Еднаквост и правичност<br> Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |
| **6. Ресурси** |  Сместување и просторни капацитети<br> Наставни средства и материјали<br> Обезбедување на потребниот наставен кадар<br> Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br> Финансиско работење во училиштето |
| **7. Управување, раководење и креирање политика** |  Управување и раководење со училиштето<br> Цели и креирање на училишната политика<br> Развојно планирање |
| **8. Комуникации и односи со јавноста** |  Комуникации на ниво на училница<br> Комуникации на ниво на училиште<br> Комуникација со окружувањето на училиштето |

| Подрачје 1 | НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ |
|---|---|
| | ***Индикатор 1.1 Реализација на наставните планови и програми*** |

**1.1.1. Применувани наставни планови и програми**

**1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**

**1.1.3. Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**

**1.1.4. Избор на наставни предмети**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **1.1 Реализација на наставните планови и програми**<br><br>Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>-Годишни – тематски планирања на наставниците | ➢ **Применувани наставни планови и програми**<br>Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош,мислење,сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, моќ, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност.<br><br>Теоретската настава се реализира според постојните наставни планови и програми во гимназиското (реформирано) и според програмата во средното четиригодишно стручно образование и во тригодишното стручно образование по новите наставни планови.<br><br>По нова наставната програма се реализираат часовите за профилите готвач и келнер во I и II година каде се воведени нови стручни предмети, зголемен е фондот на часови по |

| | |
|---|---|
| -Нормативни акти на училиштето<br><br>-Педагошка евиденција и документација<br><br>-План за работа на класните раководители<br><br>-Записници од родителски совети на училиштето | Практична настава и предметот Спорт и спортски активности.На учениците ќе им се овозможи да се стекнат со применливи знаења и вештини со што ќе се оспособат за натамошно продолжување на образованието или вклучување во работниот процес.Од 10.5.2019 год.донесено е решение за дополнување на наставни планови за реформирано техничко образование од Машинска, Угостителска и Економска струка што започна да се реализира во учебната 2019-2020 год.и продолжи и во наредните учебни години.<br><br>Практичната настава за учениците од угостителско-туристичката и машинската струка ќе се изведува според наставните планови и програми во училишната угостителска сала(нова градба), училишните работилници и други соодветни организации од државниот и приватниот сектор.Феријалната пракса учениците од стручните паралелки по оваа наставна програма ја реализираат во текот на летниот распуст во траење од 10 дена.Од учебната 2021-2022год., отворени се паралелки по дуално образование што продолжи и во учебните 2023-24 и 2024-25 и тоа паралелки од секторот Економија , право и трговија(економски техничар и бизнис администратор), од машинскиот сектор(машински техничар за моторни возила и техничар за производно машинство),од Угостителство и туризам (хотелско туристички техничар) и сектор Здравство и социјална заштита(гинеколошко-акушерска сестра и физиотерапевтски техничар),а во истиот сектор од учебната 2024-2025 год имаме нови профили и тоа фармацевтски техничар и забен техничар. .Овие паралелки по дуално образование, феријалната пракса ја изведуваат за време на летниот распуст , според планот на соодветната квалификација.За изведување на феријалната пракса, потпишани се договори меѓу училиштето,фирмите каде што ќе ја изведуваат феријалната пракса учениците и родителите. |
| | ➢ **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програм за тековната учебна година , а родителите на родителските средби и преку советот на родители се запознаваат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат. |
| | ➢ **Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>Од учебната 2017/2018 год. според законот за средно образование предвидено е задолжително воспитание и образование на деца со посебни потреби . Според тоа и во учебната 2023/2024 и 2024/2025 продолжи да се изработува индивидуална образовна |

| | |
|---|---|
| -Записници од родителски средби | програма (ИОП). Програмата ја изработува инклузивен тим.Освен оваа програма се изработува среднорочен план од страна на предметни наставници кои предаваат во паралелките каде има деца со посебни потреби. |
| -Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br><br>-Годишна програма на училиштето<br><br>-Дневници на паралелките | ➢ **Избор на наставни предмети**<br>Изборните предмети се застапени во гимназиското и стручното образование. Во гимназиското образование учениците од прва за втора година од предложените предмети избираат еден предмет. Во стручното четиригодишно образование по завршувањето на втора година, избираат еден од понудените шест изборни модули со по два предмети, од кои едниот го изучуваат во трета ,а вториот во четврта година. Преку изборните програми учениците ги проширувaат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле. Секој изборен предмет влегува во наставата ако може да се формира наставна група. Во гимназиското образование учениците се определуваат во едно од четирите понудени подрачја уште при запишувањето во прва година, така што обемот на изборните програми постепено се зголемуваат од втора до четврта година. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.<br>Освен изборните предмети во училиштето се реализираат и проектни активности во гимназиско образование и Содржини програмирани од училиштето во стручните паралелки од четврт степен. Програмите се дадени од повеќе области и следејќи ги личните интереси и афинитети, учениците изборот го вршат самостојно, а училиштето во целост ги почитува. Секој ученик,во учебната 2023/2024 и 2024/2025 год. во гимназиско образование, избира една проектна активност од прва до трета година,а иновации и претприемништво можат да ја изберат ,но не им е задолжителна . Во четврта година избираат две проектни активности.Од учебната 2018-2019, проектната активност Иновации и претприемништво не е задолжителна. Од истата учебна година воведени се подрачјата Класични јазици и странски јазик . Од вкупниот број 35 часа ,15 часа се теоретски со менторите, а 20 часа индивидуална работа. Во стручното четиригодишно образование воведени се Содржини програмирани од училиштето кои се во функција на струката .Учениците добиваат оценка полугодишна и годишна кои влегуваат во евидентниот лист и свидетелството,но не влегуваат во постигнатиот успех на ученикот. Од вкупниот број 70 часа ,30 часа се |

| | |
|---|---|
| | теоретски со менторите, а 40 часа индивидуална работа. Ако се реализираат Содржини програмирани од училиштето кои не се во функција на струката, потребна е согласност од ЦСОО. |
| -Подготовка за натпревари<br><br>-Анкетни листови<br><br>-Web портал | **Реализација на проширени програми**<br><br>Во училиштето се реализира додатна настава за учениците кои сакаат да ги прошират своите знаења по одреден наставен предмет. |
| | |

## ПРИЛОГ ПРАШАЛНИЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1.Реализација на наставни планови и програми

**<u>Прашалник за професори</u>**

Почитувани, Прашалникот е анонимен.Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен. Ви благодариме.

| **1.1.Реализација на наставни планови и програми** |
| --- |
| 1.Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем<br><br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 2.Училиштето планира активности и разгледува мислења од наставниците и родителите и покренува иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми и притоа ги информира МОН,БРО и ЦСОО.<br><br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 3.Со сите деца со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми<br><br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 4. Наставниците со дел од учениците реализираат проширена програмска активност<br><br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 5.Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели.<br><br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 6.Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост,со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 7.Примената на еко стандардите допринесува за реализирање и продлабочување на еколошката свест<br><br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |

1.1.Реализација на наставни планови и програми

**<u>прашалник за родители</u>**

Почитувани,
Прашалникот е анонимен.Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата а потоа одговорете ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислите дека е точен.Ви благодариме.

| **1.1.Реализација на наставни планови и програми** |
|---|
| 1.Училиштето ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 2.Училиштето планира активности и разгледува мислења од наставниците и родителите и покренува иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми и притоа ги информира МОН,БРО и ЦООО.<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 3.Со сите деца со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 4.Училиштето нуди 3 или повеќе изборни предмети кои можат да ги изберат учениците.<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 5.Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост,со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 6.Училиштето реализира проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 7.Примената на еко стандардите допринесува за реализирање и продлабочување на еколошката свест<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |

1.1.Реализација на наставни планови и програми

**Прашалник за ученици**

Прашалникот е анонимен.

Внимателно прочитај ги прашањата а потоа одговори ги со заокружување на буквата пред одговорот кој мислиш дека е точен.

| |
|---|
| 1.Училиштето ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br>а) се согласувам ;<br>б) делумно се согласувам;<br>в) не се согласувам |
| 2.Со сите деца со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 3.Училиштето нуди 3 или повеќе изборни предмети кои можат да ги изберат учениците.<br>а) се согласувам; б) делумно се согласувам; в) не се согласувам |
| 4.Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост,со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>а) се согласувам;<br>б) делумно се согласувам;<br>в) не се согласувам |
| 5.Училиштето реализира проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците<br>а) се согласувам;<br>б) делумно се согласувам;<br>в) не се согласувам |
| 6 .Примената на еко стандардите допринесува за реализирање и продлабочување на еколошката свест<br>а) се согласувам;<br>б) делумно се согласувам;<br>в) не се согласувам |

✎ Графичко прикажување на сумираните резултати од анкетите на подрачјето:









**Прилог – изборни предмети и подрачја во учебната 2023/2024**

***Изборни предмети од секторот Економија,право и трговија***

| Клас | Предмет |
|---|---|
| III-5,6 | Однесување со потрошувачите |
| IV-6 | Интегрирани маркетинг комуникации,Осигурување |

***Изборни предмети од секторот машинство***

| Клас | Предмет |
|---|---|
| III[7] | Организациско однесување |
| IV7 | Физика, Математика |

***Изборни предмети од секторот угостителство и туризам***

| Клас | Предмет |
|---|---|
| III[8] | Основи на угостителско послужување,Велнес и спа, Анимации во туризмот |
| IV8 | Менаџмент на настани,Туристичко водење,Одржлив развој во туризмот |

***Изборни предмети сектор-Здравство и социјална заштита***

| клас | Предмет |
|---|---|
| III9 | Биологија ,Хемија |

***<u>Изборни предмети од гимназиско образование</u>***

**<u>II година</u>**

| Клас | Изборни предмети | |
|---|---|---|
| II[1] | Информатичка технологија | / |
| II[2] | / | Говорење и пишување |
| II[3] | / | Информатичка технологија |

***<u>Изборни предмети од гимназиско образование III година</u>***

| Клас | Подрачје и изборни предмети | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ОХА** | **ОХБ** | **ПМА** | **ПМБ** |
| **III-1** | / | / | Линеарна алгебра и аналитичка геометрија<br>Алгебра<br>Програмски јазици | |
| **III-2** | / | / | / | Програмски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | јазици<br>Географија<br>Латински јазик |
| **III-3** | / | / | / | Програмски јазици<br>Географија<br>Латински јазик |
| **III-4** | Вовед во право<br>Социологија<br>Латински јазик | / | / | / |

***Изборни предмети од гимназиско образование***

**IVгодина**

| Клас | Подрачје и изборни предмети | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ОХА** | **ОХБ** | **ПМА** | **ПМБ** |
| **IV-1** | / | / | Програмски јазици<br>Математичка анализа<br>Физика | / |
| **IV-2** | / | / | / | Хемија<br>Физика<br>Биологија |
| **IV-3** | / | / | / | Хемија<br>Физика<br>Биологија |
| **IV-4** | Економија<br>Менаџмент<br>Логика<br>Историја | / | / | / |
| IV-5 | / | Историја | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Логика<br>Филозофија<br>Психологија | | |

**Прилог – изборни предмети и подрачја во учебната 2024/2025**

***Изборни предмети од секторот Економија,право и трговија***

| Клас | Предмет |
|---|---|
| **III-5** | Однесување на потрошувачите |
| **IV5,6** | Интегрирани маркетинг комуникации |

***Изборни предмети од секторот машинство***

| Клас | Предмет |
|---|---|
| **III6** | Организациско однесување |
| **IV**[7] | Бизнис и претприемништво |

***Изборни предмети од секторот угостителство и туризам***

| Клас | Предмет |
|---|---|
| **III7** | Основи на угостителско послужување,Анимации во туризмот |
| **IV**[8] | Основи на готварство,Туристичко водење, Одржлив развој во туризмот |

***Изборни премети-сектор Здравство и социјална заштита***

| клас | Предмет |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **III4** | Биологија |
| **IV9** | Биологија, хемија |

***<u>Изборни предмети од гимназиско образование</u>***

**<u>II година</u>**

| Клас | **Изборни предмети** | | |
|---|---|---|---|
| **II[1]** | Етика | Говорење и пишување | |
| **II[2]** | Етика | Говорење и пишување | |
| **II[3]** | Информатичка технологија | Говорење и пишување | Елементарна алгебра |
| **II[4]** | Информатичка технологија | Говорење и пишување | |

***<u>Изборни предмети од гимназиско образование III година</u>***

| Клас | Подрачје и изборни предмети | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ОХА** | **ОХБ** | **ПМА** | **ПМБ** |
| **III-1** | / | / | Линеарна алгебра и аналитичка геометрија<br>Алгебра<br>Програмски јазици | |
| **III-2** | / | / | / | Програмски јазици<br>Географија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Латински јазик |
| **III-3** | Вовед во право<br>Социологија<br>Латински јазик | / | / | Програмски јазици<br>Географија<br>Латински јазик |

***Изборни предмети од гимназиско образование***

**IVгодина**

| Клас | Подрачје и изборни предмети | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ОХА** | **ОХБ** | **ПМА** | **ПМБ** |
| **IV-1** | / | / | Програмски јазици<br>Математичка анализа<br>Физика | / |
| **IV-2** | / | / | / | Хемија<br>Физика<br>Биологија |
| **IV-3** | / | / | / | Хемија<br>Физика<br>Биологија |
| **IV-4** | Економија<br>Менаџмент<br>Логика<br>Историја | / | / | / |

## Прилог анкетни листови за избор на проектна активност

***АНКЕТЕН ЛИСТ – ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ***
**СОУ ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ ГЕВГЕЛИЈА**
Учебна година 2023/2024

**1.Подрачје:Природни науки (хемија,биологија,географија)**

**2.Подрачје:  Култура на здраво живеење**

**3.Подрачје:Урбана култура**

**4.Подрачје:Литературни клубови и драмски секции**

-Драмска секција

-Литературен клуб

-Училиштен весник

**5.Подрачје: Активности од областа на музиката**

( хорско пеење)

**6.Подрачје:Спорт и спортски активности**

-Планинарење

-Велосипедизам

**7.Подрачје- МТЗ(Мир ,толеранција и заштита) :**

(Пожар,Војна, Тероризам,Европска Унија, НАТО, ООН)

**8.Подрачје- Граѓанска култура**

***АНКЕТЕН ЛИСТ – ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ***

**СОУ ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ ГЕВГЕЛИЈА**

Учебна година 2024/2025

---

**1.Подрачје - Природни науки**

хемија,биологија,географија

**2.Подрачје -Култура на здраво живеење**

**3.Подрачје –Класични јазици и странски јазици**

Латински, Француски и Англиски јазик

**4.Подрачје -Литературни клубови и драмска секција**

Литературен клуб Јоска

Драмска секција

Литературен клуб

Училишен весник

**5.Подрачје -Спорт и спортски активности**

Планинарење

Велосипедизам

**6.Подрачје - МТЗ (Мир, толеранција и заштита)**

**(** Пожар, Војна,Тероризам ,Европска Унија,НАТО,ООН)

**7. Подрачје –Активности од областа на музиката** **8.Подрачје- Граѓанска култура**

Хорско пеење

| **Анализа на подрачје 1** | **Наставни планови и програми** |
|---|---|
| **Индикатор за квалитет 1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** |
| **ТЕМИ** | ➢ **Применувани наставни планови и програми**<br>➢ **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>➢ **Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>➢ **Избор на наставни предмети** |

| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
|---|---|
| • Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.<br>• Наставата ја реализира соодветен стручен кадар.<br>• Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.<br>• Соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на наставни и воннаставни активности.<br>• Оптимално користење на постојната | • Интересот на родителите за присуство на родителските средби<br>• Преоптовареност на неделниот фонд часови во некои паралелки не дозволува реализација на доволен број додатна настава |

| | |
|---|---|
| литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата.<br>• Успешна реализација на дополнителна и додатна настава.<br>• Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои вонннаставни активност ќе учествува.<br>• Училиштето преку Еко – проектот воведува задолжителни часови за заштита на животната средина. | |
| **Препораки за надминување на воочените слаби страни:** | - Мотивирање и анимирање на родителите преку вклучување во тимовите на училиштето<br>- Реагирање до БРО и ЦСОО во врска со фондот на часови согласно наставните планови |

| Анализа на подрачје 1 | Наставни планови и програми |
|---|---|
| *Индикатор 1.2.* | *Квалитет на наставните планови и програми* |

**1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**

**1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**

**1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**

**1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**

| **Документи кои се прегледани.** | **Добиени информации** |
|---|---|
| **1.2.Квалитет на наставните планови и програми**<br><br>Анкетни прашалници за избор на наставни предмети,наставни подрачја и проектни активности<br><br>Извештаи и материјали од работата на стручните активи | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност во раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликтите.<br>**1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>Учениците од прва, втора и трета година стручно образование за време на летниот одмор, од 10.6. до 31.8. реализираат програма за ФП кај работодавачи.<br>Учениците од тригодишното образование реализираат ФП прва и втора година.<br>Програмата ја изработуваат одговорниот наставници за ФП, не секогаш во соработка со работодавачите.<br>На овој начин сепак се овозможува соработка со локалната заедница. Таа има за цел учениците да се стекнат со применливи знаења и да бидат оспособени за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил.<br>Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи, но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците. |

| | |
|---|---|
| План и програми за работа на класните часови часови<br><br>Стручна служба психолог, педагог | ➢ Карактеристики на наставни планови и програми за ПО<br>1.Наставни планови и програми за Учење преку работа (УПР):<br>• Наставните планови и програми за УПР се однесуваат за учениците од стручното образование и тоа за втора, трета и четврта година<br>• Учениците од втроа година неделно имаат четири часа УПР, од трета година осум часа УПР, а од четврта година десет часа УПР.<br>• Наставниците изработуваат наставна програма за УПР, меѓутоа не секогаш во соработка со работодавачите.<br>• Наставниците изработуваат план за реализација на УПР согласно донесената програма, но не секогаш се водат според планот.<br>• Дел од компаниите немаат сертифициран ментор за работа со ученици.<br>• Родителите се информираат за спроведување на УПР.<br>• Се спроведуваат подготвителни активност со ученици со попреченост заедно со нивните родители.<br>• Има потпишано меморанудуми за соработка со работодавачите, но не со сите.<br>• Обезбедено е осигурување на учениците.<br>• Обезбеден е Дневник за УПР.<br>• Обезбедени се договори за УПР.<br>• Одредени компании не примаат ученици за реализација на УПР, како што се адвокатски канцеларии, Општински Основен Суд, банки и сл. Според тоа се наидува на проблем за наоѓање на работни места на ученици во одредени сектори, како што е секторот економија, право и трговија.<br>• Нема евалуација на процесот на УПР од страна на наставниците одговорни за УПР, учениците, работодавачите и родителите.<br>• Работодавачите не учествуваат во комисии за завршен испит и матура.<br>2.Наставни планови и програми Феријална практика (ФП):<br>• Учениците од прва, втора и трета година стручно образование за време на летниот одмор, од 10.6. до 31.8. реализираат програма за ФП кај работодавачи.<br>• Учениците од тригодишното образование реализираат ФП прва и втора година.<br>• Програмата ја изработуваат одговорнитр наставници за ФП, не секогаш во соработка со работодавачите.<br>• Изготвената програма се донесува на Наставнички совет.<br>• Обезбеден е Дневник за ФП. |

| | |
|---|---|
| | • Обезбедени се договори за ФП.<br>• Нема обезбедено превоз за учениците, па се реализира во местото на живеење на учениците.<br>• Нема евалуација на процесот на ФП од страна на наставниците одговорни за ФП, учениците, работодавачите и родителите.<br>3.Наставни планови и програми- Практична настава кај тригодишно образование:<br>• Учениците од прва, втора и трета година реализираат програма по практична настава.<br>• За прва година часовите се 8, а втора и трета година се 14 часа неделно.<br>• Програмата е изработена од Центар за стручно образование.<br>**1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели наобразованието**<br>Во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржини од ОЖВ-Образование за животни вештини(односи со другите, одговорно граѓанство, однос кон животната средина, областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење), се дискутира за успех, редовност, дисциплина и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.<br>**1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br>Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го потикнуваат критичкото мислење на учениците. |

## ПРИЛОГ ПРАШАЛНИЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Инструмент за самоевалуација на училиштето**

**<u>Прашалник за професори</u>**

Вашето тврдење заокружете го со заокружување на еден од понудените одговори

**1.Училиштето преку формални органи прибира и разгледува мислења за Наставните планови и програми од наставници и родители:**

а) се согласувам б) не се согласувам в) делумно се согласувам

**2.Наставните планови и програми и учебните помагала(ги опфаќаат) одговараат на учениците од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност:**

а) се согласувам  б) не се согласувам  в) делумно се согласувам

**3.Наставните содржини од Наставните планови и програми и учебните помагала со мултикултурна сензибилност:**

а) се реализираат  б) не се реализираат  в) делумно се реализираат

*Графичко прикажување на сумираните резултати од анкетата на подрачјето*

**1.2 Квалитет на наставни планови и програми**

Прашалник за професори




Во спроведената анкета од подрачјето  Квалитет на наставни планови и програми  беа анкетирани вкупно 65 професори .На првото прашање од вкупно анкетираните ,38 или 58% заокружиле се согласувам, 19 професори или 29% делумно се согласувам, а не се согласувам 8 професори или 13%. На второто прашање од истата анкета добиени се следните резултати: се согласувам – 39 професори или 60% , делумно се согласувам  21 или 31% , а  5 професори или 9%  заокружиле дека не се согласуваат. На третото

прашање од анкетниот прашалник, 37 професори или 57% заокружиле дека се реализира, 20 или 31% -делумно се реализира, а дека не се реализира заокружиле 8 професори или 12%.

| Вкупно анкетирани професори – 65 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден бр. на прашање | Се согласувам | % | Делумно се соглсувам | % | Не се согласувам | % |
| **1.** | **38** | **58** | **19** | **29** | **8** | **13** |
| **2.** | **39** | **60** | **21** | **31** | **5** | **9** |
| | Се реализира | % | Делумно се реализира | % | Не се реализира | % |
| **3.** | **37** | **57** | **20** | **31** | **8** | **12** |

**Инструмент за самоевалуација на училиштето <u>Прашалник за родители</u>**
**Самоевалуација на подрачје 1: Наставни планови и програми**

**1.Училиштето преку формални органи прибира и разгледува мислења за Наставните планови и програми од наставници и родители:**а) се согласувам б) не се согласувам в) делумно се согласувам

**2.Наставните планови и програми и учебните помагала(ги опфаќаат) одговараат на учениците од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност:**а) се согласувам б) не се согласувам в) делумно се согласувам

**3.Наставните содржини од Наставните планови и програми и учебните помагала со мултикултурна сензибилност:**
а) се реализираат б) не се реализираат в) делумно се реализираат

*Графичко прикажување на сумираните резултати од анкетата на подрачјето*










Во спроведената анкета од подрачјето  Квалитет на наставни планови и програми  беа анкетирани вкупно 50 родители .На првото прашање од вкупно анкетираните ,27 или 54% заокружиле се согласувам, 17 родители или 33% делумно се согласувам, а не се согласувам 6 родители или 13%. На второто прашање од истата анкета добиени се следните резултати: се согласувам – 23 родител или 45% , делумно се согласувам  18 или 36% , а  9 родители или 19%  заокружиле дека не се согласуваат. На третото прашање од анкетниот прашалник, 27 родители или 54% заокружиле дека се реализира, 13 или 26% -делумно се реализира, а дека не се реализира заокружиле 10 родители  или 20%.

| | **Вкупно анкетирани  родители – 50** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден бр. на прашање | Се согласувам | % | Делумно се соглсувам | % | Не се согласувам | % |
| **1.** | **27** | **54** | **17** | **33** | **6** | **13** |
| **2.** | **23** | **45** | **18** | **36** | **9** | **19** |
| | Се реализира | % | Делумно се реализира | % | Не се реализира | % |
| **3.** | **27** | **54** | **13** | **26** | **10** | **20** |

| Анализа на подрачје 1 | Наставни планови и програми |
|---|---|
| *Индикатор 1.3.* | *Воннаставни активности* |

**1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**

**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**

**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**

**1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

| Документи кои се прегледани. | Добиени информации |
|---|---|
| **1.3.Воннаставни активности**<br><br>Годишна програма за работа на училиштето учебна 2023/2024 и учебна 2024/2025<br><br>Извештај од реализација на Годишната програма на училиштето<br><br>Записници од работата на средношколската заедница<br><br>Записници од стручни | **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Воннаставните активности се планираат со Годишната програма на училиштето. Се реализираат континуирано, во текот на учебната година преку учество во манифестации, натпревари, конкурси, проекти, работилници, хуманитарни настани, младински организации и сл. Во училиштето се реализираат: драмски секции, литературен клуб, новинарска секција, хор, секции за спортски активности, секција на млади физичари, секција по француски јазик, секција за екологија, секција по биологија, секција по хемија, Средношколска младинска организација, Клуб на млади при Црвен крст.<br>**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>Во воннаставните активности се вклучени ученици од општа гимназија, економија,право и трговија, угостителство и туризам , машинска струка и здравство и социјална заштита. Воннаставните активности подеднакво се достапни за машките и женските ученици, т.е. за сите ученици без оглед на нивната родова, верска или етничка припадност.<br><br>Во учебната 2023/24 година, СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија реализираше два проекти во Португалија преку програмата ЕРАЗМУС+: |

| | |
|---|---|
| активи<br><br>Планови и програми за работа на слободни ученички активности<br><br>Планови и програми за додатна и дополнителна настава<br><br>Реализирани анкети за ученици<br><br>Снимени материјали<br><br>Педагошка евиденција и документација<br><br>Награди, признанија, сертификати, благодарници, медали, дипломи од учество на натпревари,конкурси и сл.<br>Web страна на училиштето<br><br>Web страна на литературниот клуб *Јоска* | • „Иновации и двигатели на мехатрониката во автомобилската индустрија“ – за ученици од машинскиот сектор (машински техничар за моторни возила).<br>• „Иновативни бизнис практики“ – за ученици од сектор Економија,право и трговија (економски техничар/бизнис администратор).<br><br>Дваесет ученици (по 10 од секоја струка) учествуваа во мобилноста која се одржа во Барселос, Португалија, од 17 до 30 септември 2023 година, во соработка со партнерската организација MobilityFriends. Проектите имаа за цел развој на професионални, социјални и мултикултурни вештини, интеграција во различни средини, јазични подобрувања и размена на искуства. Учениците стекнаа практично искуство во своите области, што ја зголеми нивната конкурентност на пазарот на труд.<br><br>Во периодот **8–12 јули 2024** во Атина се реализираше обуката *“Well Being in Inclusive, Engaging and Digital Education”*. На неа учествуваа **7 наставници** од нашето училиште. Целта беше развивање на дигитални компетенции и примена на иновативни методи за подобрување на наставата и благосостојбата на учениците во инклузивно и дигитално опкружување.<br><br>Во рамките на Еразмус+ програмата, акција КА102 – мобилност на ученици и кадар во стручно образование и обука, СОУ „Јосиф Јосифовски“ успешно го реализираше проектот **„Skills for Sustainable Growth: A Synergy of Economy, Engineering and Tourism“**. Мобилноста се одржа во Малага, Шпанија, во периодот од **13 до 26 април 2025 година**, во соработка со партнерската организација Euromind.<br><br>Во проектот учествуваа **19 ученици** од образовните профили економија, машинство и угостителство и туризам. Тие посетуваа практична обука и работеа во реални компании, со што ги унапредија своите професионални компетенции, јазични и мултикултурни вештини, како и подготвеноста за идно вработување и интеграција на европскиот пазар на труд.<br><br>Покрај мобилноста на учениците, во рамки на истиот проект **7 наставници** од СОУ „Јосиф Јосифовски“ учествуваа на **стручно усовршување во Атина** во периодот од **15 до 20 јуни 2025 година**, каде стекнаа нови знаења и вештини од областа на мултикултурата и примената на вештачката интелигенција во образованието.<br><br>Во учебната 2024/25 година, проектот **START-DS (Smartphone as a Tool for an Active and Reflective Transition toward Digital School)** започна со Kick-off состанокот во декември, каде СОУ „Јосиф |

| | |
|---|---|
| | Јосифовски“ ја презентираше стратегијата за комуникација и дисеминација. Партнерите редовно одржуваа месечни онлајн состаноци фокусирани на анализа на потребите преку анкети, интервјуа и обработка на податоци за дигитална писменост, употреба на паметни телефони и психо-социјална благосостојба на учениците. . Нашето училиште активно придонесе во истражувањата и беше застапено на транснационалниот состанок во Лублин, Полска, каде ги презентиравме постигнатите и планираните цели за комуникација, како и идеи за подобрување на споделувањето на резултатите. На состанокот во Лублин се разгледуваше примената на анализираните податоци во наставата со цел унапредување на образованието преку креирање апликација која ќе ги решава проблемите на учениците, а средбата овозможи размена на искуства, зајакнување на соработката и унапредување на проектните активности.<br><br>. Наставници и ученици од нашето училиште се вклучени во проектот CLOSE - Инклузивни образовни средини преку филм. Ученици под менторство на одговорните наставници изработија кратки филмови на теми на социјална инклузија.Истите беа прикажани на Мултиплеер настан во Гевгелија,на меѓународниот филмски фестивал ,,Преку езерото,, цо Дојран, а ќе бидатприкажани и на филмски натпревар во Фиренца,Италија.<br><br>Во културните манифестации земаат учество и послаби и посолидни ученици.Учениците во рамките на предметот Говорење и пишување ја посетија МРТВ со цел запознавање со начинот на производство на информативни материјали и унапредување на медиумската писменост. Ученици од гимназиско образование и од профилот Економија,право и трговија беа во посета на Собранието на РСМ во месец октомври 2023 и 2024 година. Ученици од гимназиското образование изведоа Наставно-научна екскурзија во село Негрово,Пехчево со цел посета на Едукативнот центар за зачувување на природата. За учениците со слаби постигнувања редовно се изведува дополнителна настава. Талентираните ученици посетуваат додатна настава и учествуваат на натпревари и конкурси. **1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br><br>Учениците се вклучени во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности. Преку анкетни прашалници имаат можност да се определат за воннаставна активност според сопствените желби и афинитети. Традиционалните културни манифестации на училиштето – Седмоноемврискатa манифестација *Пееме за Гевгелија,* Новогодишната манифестација, Патронатот на училиштето и завршната манифестација *Најдобрите за најдобрите* се планираат во соработка со учениците.<br>Тие даваат предлози, идеи и сугестии за содржината на истите. |

**1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

Учениците учествуваат на разни училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и освојуваат бројни награди, признанија, сертификати, благодарници, медали и дипломи. На тој начин остваруваат лична сатисфакција и афирмација, но и афирмација на училиштето.На дел од овие натпревари учениците учествуваа со физичко присуство,а некои се реализираа online. Преку учеството во хуманитарни акции и настани организирани во соработка со локалната заедница тие промовираат хумани вредности. Средношколската заедница зеде учество во организирањето и реализирањето на проекти ,настани и работилници со хуманитарен карактер, а собраните парични средтсва беа донирани на социјално загрозени семејства чии деца учат во нашето училиште.Во месец декември во просториите на училиштето, учениците учествуваа во Работилница – Рециклирам и украсувам организирана од страна на Средношколската заедница  на која изработија новогодишни украси од пластика и хартија и истите беа изложени во холот на училиштето. Наши ученици зедоа учество  на настанот Трчање во чест на одбележувањето на Недела на борба против туберколоза и градни заболувања организиран од Црвен Крст на РСМ, како и на трката по повод општинскиот празник 7 Ноември.  Средношколската заедница на учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија организираше настани по повод: Денот на жената ,Прв пролетен ден, Светски ден на театарот, Денот на шегата, Денот на спортот, Светскиот ден на здравјето, Денот на планетата Земја, Светски ден на слободата на печатот, Меѓународен ден на акушерството, Турнир футсал, Ден на ООН, Светски ден на правата на децата, Украсување на училиштето ,Светски ден на борба против сида, Меѓународен ден на инвалидитетот, Светски ден на волонтерите, Светски ден на човековите права, Мағународен ден на човечката солидарност, Новогодишен базар,Турнир кошарка, Ден на палачинките, Ден на вњубените, Светски ден на социјални права.

СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија продолжува да работи на планирање на активности, како дел од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и активно да се залага за создавање услови на едно интегрирано општество на различни етникуми. Во учебната 2023/2024, 2024/2025 година со партнер училиштето, “Арсени Јовков“ од Скопје беа реализирани заеднички работилници и меѓусебна дружба. Запознавањето на учениците беше преку заедничко исцртување, правење хамер на тема од екологија, да се развие еколошката свест кај младите и нејзина заштита, како и правење хамери на тема пријателство напишено на  македонски и албански јазик.
Работилница на тема „Под исто небо со заеднички вредности”
Работилница на тема „Тркало на зборови“ (пишување зборови на македонски и албански јазик) за

| | |
|---|---|
| активност на часот | 25 | 50 |




Од одговорите на ова прашање јасно се гледа дека наставниците најчесто ја оценуваат активноста на часот,па покажаниот труд и практичните знаења.Од ова јасно се гледа дека голем број од наставниците стручно си ја завршуваат работата во однос на оценувањето.

**6. Како се чуствуваш кога те оценуваат?**




| Понудени одговори | одговори | % |
|---|---|---|
| трема | 14 | 28 |
| страв | 8 | 16 |
| возбуда | 4 | 8 |
| разочарано | 6 | 12 |
| зависи од наставникот | 15 | 30 |
| зависи од ситуацијата | 14 | 28 |

Од анализата може да се донесе заклучок дека чувството на ученикот додека ги оценуваат зависи од наставникот, од самата ситуација на часот, а кај одреден број на ученици предизвикува трема. Од ова може да се каже дека во училиштето треба да создава позитивна училишна клима, позитивен став и коректен однос на наставниците кон учениците.

**7. Како обично реагираш на добиената оцена?**

а) кога е добра




| Понудени одговори | одговори | % |
|---|---|---|
| радост,задоволство | 37 | 74 |
| нема повеќе учење | 8 | 16 |
| учам повеќе | 5 | 10 |
| се фалам | 2 | 4 |

б) кога е лоша




| Понудени одговори | одговори | % |
|---|---|---|
| лошо,тажно | 8 | 16 |
| што ќе кажам дома | 4 | 8 |
| нервозно,плачам | 5 | 10 |
| ќе ја поправам | 33 | 66 |

Од добиените резултати се гледа дека најголем проценти од учениците кога ќе добијат добра оцена чувствуваат радост, задоволство, а 66% од анкетираните ученици кога ќе добијат слаба оцена, нивните реакции се: ќе ја поправам.

**8. Што мислиш колку често треба да те оценуваат?**

| Понудени одговори | одговори | % |
|---|---|---|
| секој час | 1 | 2 |
| по секоја наставна тема | 45 | 85 |
| на крајот од полугодието | 7 | 13 |




Од резултатите се гледа дека наголем процент на анкетираните ученици сакаат процесот на учење да го спроведуваат во континуитет,односно да бидат оценувани после секоја наставна тема.

**9. Кој метод на оценување најмногу го сакаш?**




| Понудени одговори | одговори | % |
|---|---|---|
| традиционалниот | 29 | 56 |
| контролни тестови | 23 | 44 |

Според ова што може да видиме поголем процент на ученици сакаат да бидат оценувани на традиционален начин(наставникот испрашува –ученикот одговара),но не е занемарлива и бројката на ученици што сакаат да бидат оценети преку контролни тестови.

Целта на ова истражување беше да се согледаат и споредат ставовите на наставниците и учениците во однос на училишното оценување и да се издвојат критичните ставови кои се пречка за унапредување на оценувањето.Ова истражување покажа дека способноста и искуството на наставниците има големо влијание врз постигањата на и успехот на учениците,па затоа вложувањето во професионален развој на наставниците е најпродуктивно вложување за постигање на целта.

Резултатите од ова истражување се појдовна основа во планирањето на училишната клима за оценување и планирање на професионален развој на наставниците.

Секако дека е добро наставниците да бидат објективни,праведни,доследни и смирени при оценувањето,но нашата цел е во добрите страни на оценувањето да се вбројат и:редовното следење,примената на повеќе различни методи во формирањето на оцената,мотивацијата на учениците,правењето на пријатна и релаксирачка атмосфера во училница,итн.

Иако наставниците сметаат дека се објективни во оценувањето,учениците не се согласуваат сосема во тој став.Со воведување на етички кодекс во оценувањето,но и придружување кон истиот ќе се надмине ова незадоволство на учениците.Секако во иднина добро би било да се организира едукација на учениците и родителите во правец на тоа што треба да се оценува ,а што не и на какви се начини можат да бидат вреднувани учениците.Само така оценувањето би предизвикало квалитетно учење и стекнување на трајни и практични знаења,критичко и креативно размислување и вреднување на нештата што е основа за подготвување на учениците.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека:

- Оценувањето во нашето училиште се врши нееднакво (разновидно) што укажува на фактот дека нема воспоставен систем кој на сите ученици би им овозможил еднакви услови за оценување.
- учениците чувствуваат страв и незадоволство од воспоставениот систем на оценување.

Од ова произлегува дека има потреба:

- стручно доусовршување на наставниците за нови начини за оценување
- учениците да се вкучат во процесот на оценување и да сфатат како да се подобрат.

| *ИНДИКАТОР 3.7 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ* | |
|---|---|
| **3.7.1. Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>**3.7.2. Современи извори за информирање на родителите за напредокот на нивните деца** | |
| **Инструменти/ извори на податоци** | **Информации / податоци** |
| -веб страната на училиштето<br><br>-Е-дневник<br><br>-постојани посети на закажаните родителски средби во текот на целата учебна година<br><br>-разговори со класните раководители за нивните деца<br><br>-разговори со предметните наставници<br><br>-разговор со педагошко психолошката служба | Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа преку:<br>- писмена и усна покана за редовна родителска средба со класниот раководител,<br>- евидентни листови со оцени за постикнатите резултати по секој наставен предмет поединечно за секое тримесечие и на крајот на школската година со свидетелства;<br>-Е-дневник и  СМС пораки;<br>Секоја одржана родителска средба класниот раководител ја запишува во дневникот на парелелката и Е-дневникот,така што секој родител кој не присуствувал од било која причина може да види за што се разговарало на одржаниот  состанок.<br>Педагошко-психолошката служба во секој момент е подготвена за соработка со родители и ученици, исто така има записници од водени разговори со ученици и родители. Родителите редовно се известуваат за советување како на ученикот така и за родителот/старателот.Уредно водат записници за изречени мерки од наставнички совет и изречени мерки од класен раководител. |

| 3.7.3.Извештај за изречени мерки и консултативно-советодавен разговор со родител 2021/2022 година | |
|---|---|
| **Инструменти/ извори на податоци** | **Информации / податоци** |
| -Дневници на паралелките;<br><br>-записници од родителските средби за учебната 2023/2024 и 2024/2025 година;<br><br>-евиденција на наставници за остварени средби со родителите; | (see table below) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Изречени мерки од класен раководител** | | |
| | **Прво полугодие** | **Второ полугодие** | **Вкупно** |
| | 28 | 16 | 44 |
| **2.** | **Изречени мерки од наставнички совет** | | |
| | **Прво полугодие** | **Второ полугодие** | **Вкупно** |
| | 15<br>Причини: | 27<br>Причини: | 42 |
| | **опомена пред отстранување:**<br>-некоректен однос-1<br>-број на изостаноци-13<br>- на испит на годината-1<br>-отстранет ученик-/ | **опомена пред отстранување:**<br>-некоректен однос-3<br>-број на изостаноци-20<br>-на испит на година-3<br>-еден ученик ја повтори годината-1 | |
| | | | |

-Информации кои им се даваат на родителите за напредокот на учениците;

-Е-дневник,

-Увид во педагошката евиденција и документација;

| | |
|---|---|
| **3. Советодавни разговори со родител** | |
| Причини:<br>-поради намален успех во учењето | 29 |
| -нередовно посетување на наставата | 41 |
| -несоодветно однесување во училиштето | 13 |
| -број на ученици кои што се испратени во центарот за социјална работа | 2 |
| **Вкупно советодавни разговори** | **85** |

**Најчести причини за изрекување педагошки мерки од наставнички совет за учебна 2023/2024**

9.53% за некоректно однесување,

78.57% за број на изостаноци

7.14% испит на годината и 4.76% губење на статус редовен ученик

Графички приказ на педагошки мерки од Наставнички совет – учебна 2023/2024 година



| | |
|---|---|
| | |
| | **Изречени мерки од класен раководител:**<br><br>Прво полугодие -64% писмена опомена од класен раководител поради број на изостаноци<br>Второ полугодие-36% писмена опомена од класен раководител поради број на изостаноци<br>Мерки кои се превземени при советодавните разговори со родител се:<br>-Класните раководители доставија списоци на ученици кои согласно член 58-а од Програмата за советување на родители<br>-изготвување распоред на советување на родители,родителите уредно се повикани на разговор со закажан термин(по групи). Доколку не дојдат на закажаниот термин се интервенира со телефонско јавување<br>-средба со родители и реализација на Програмата за советување на родители<br>-Евиденција од разговорите со родители |
| **3.7.4. Извештај од реализираните средби со родители во учебната 2021/2022 година** | |
| -преглед на дневник на паралелките;<br><br>-Евиденција од разговорите со родители; | (see table below) |

| | **година** | **Број на реализирани родителски средби** | **Реализирани советодавни разговори со родители** |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско образование** | **I (4 класа)** | 20 | 15 |
| | **II (4 класа)** | 20 | 18 |
| | **III (5 класа)** | 25 | 29 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | IV<br>(4 класа) | 20 | 41 |
| | | Стручно образование | I<br>(6 класа) | 30 | 20 |
| | | | II<br>(5 класа) | 25 | 32 |
| | | | III<br>(5 класа) | 25 | 45 |
| | | | IV<br>(4 класа) | 20 | 39 |
| | | **вкупно** | | 185 | 239 |

**Извештај за изречени мерки и консултативно-советодавен разговор со родител 2024/2025 година**

| **Инструменти/ извори на податоци** | **Информации / податоци** |
|---|---|
| -Дневници на паралелките;<br><br>-записници од родителските средби за учебната 2021/2022 и 2022/2023години; | (see table below) |

| **1.** | **Изречени мерки од класен раководител** | | |
|---|---|---|---|
| | **Прво полугодие** | **Второ полугодие** | **Вкупно** |
| | 30 | 23 | 53 |
| **2.** | **Изречени мерки од наставнички совет** | | |
| | **Прво полугодие** | **Второ полугодие** | **Вкупно** |

-евиденција на наставници за остварени средби со родителите;

-Информации кои им се даваат на родителите за напредокот на учениците;

-Е-дневник,

-Увид во педагошката евиденција и документација;

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 7<br>Причини: | 32<br>Причини: | 39 |
| | **опомена пред отстранување:**<br>-некоректен однос-1<br>-број на изостаноци-6<br>- на испит на годината-/<br>-губење статус на редовен ученик-/ | **опомена пред отстранување:**<br>-некоректен однос-2<br>-број на изостаноци-24<br>-на испит на годината-6 | |
| | | | |
| **3.** | **Советодавни разговори со родител** | | |

| | |
|---|---|
| Причини: | |
| -поради намален успех во учењето<br>-нередовно посетување на наставата | 61<br>48 |
| -несоодветно однесување во училиштето | 2 |
| -број на ученици кои што се испратени во центарот за социјална работа | / |
| **Вкупно советодавни разговори** | **111** |

Најчести причини за изрекување педагошки мерки се од наставнички совет за учебната 2024/2025 година :

7.7% за некоректно однесување,

76.9% за број на изстаноци,

15.4% испит на годината




Графички приказ на педагошки мерки од Наставнички совет – учебна 2024/2025 година

**Изречени мерки од класен раководител:**

<u>Прво полугодие</u> -57% писмена опомена од класен раководител поради број на изостаноци
<u>Второ полугодие</u>-43% писмена опомена од класен раководител поради број на изостаноци
Мерки кои се превземени при советодавните разговори со родител се:
-Класните раководители доставија списоци на ученици кои согласно член 58-а од Програмата за советување на родители
-изготвување распоред на советување на родители,родителите уредно се повикани на разговор со закажан термин(по групи).Доколку не дојдат на закажаниот термин се интервенира со телефонско јавување
-средба со родители и реализација на Програмата за советување на родители
-Евиденција од разговорите со родител

| Извештај од реализираните средби со родители во учебната 2024/2025 година | |
|---|---|
| **Инструменти/ извори на податоци** | **Информации / податоци** |
| -преглед на дневник на паралелките;<br><br>-Евиденција од разговорите со родители; | |

| | **година** | **Броја на реализирани родителски средби** | **Реализирани разговори со родители** |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско образование** | **I (4 класа)** | 20 | 26 заради нередовност во наставата и успехот на учениците |
| | **II (4 класа)** | 20 | 22 советодавни разговори |
| | **III (4 класа)** | 20 | 30 советодавни разговори |
| | **IV (4 класа)** | 20 | 43 советодавни разговори |
| **Стручно образование** | **I (6 класа)** | 30 | 30 советодавни разговори |
| | **II (6 класа)** | 30 | 39 советодавни разговори |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **III**<br>**(5 класа)** | 25 | 40  советодавни разговори |
| | | IV<br>(5 класа) | 25 | 32 советодавни разговори |
| | **вкупно** | | 190 | 262 |

| | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет 3.7 | Известување за напредокот на учениците |
| **Теми** | **Известување на родителите за напредокот на учениците** |
| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
| -навремено известување на родителите за успехот и поведението кај ученикот – евидентни листови;<br>-родителите имаат можност за добивање на бараните информации за напредокот кај ученикот преку е-дневникот и ;<br>-ученикот гради   правилен однос кон училиштето, учењето и средината во која се наоѓа ;<br>-се развива максимален личен развој кај ученикот и израз на сопствениот потенцијал; | -мал број родители присуствуваат на родителските средби;<br><br>-родителите не се во можност да користат е-дневник; |

**Препораки за надминување на воочените слаби страни:**

-да се поттикнат родителите за поголемо присуство на родителските средби;
-преку средбите да се подобри соработката меѓу наставниците и педагошко-психолошката служба со родителите , што ќе резултира со поголеми постигања и напредок кај ученикот;

| Подрачје 4 | ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ |
| --- | --- |
| *Индикатор 4.1* | *Севкупна грижа на учениците* |
| Тема: Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | -Во училиштето постои план за евакуација и истиот е истакнат на видно место. (Прилог – изготвен план и шема). Планот е изработен на 22.12.2014 од машински инженер Димитар Узунов.<br><br>-Сите професори учествуваа на онлајн обука ,,Заштита и спасување од пожар“ ( 26.11.2021год.)<br><br>-Сите професори учествуваа на практична вежба за безбедност при работа, постапување во случај на пожар (10.12.2021 год.)<br><br>- 24.02.2023 година во координација со одговорниот наставник Доне Картов беше организирана и спроведена симулациска вежба за самозаштита од пожар, евакуација на учениците, наставниот кадар и техничкиот персонал, како и практична обука за ракување со ПП апарат.<br><br>-Изработка на елаборати за безбедноста и одржливоста на рачни и автоматски алати; |
| Тема: Квалитет на достапна храна | - Училиштето не обезбедува храна за учениците.<br><br>- Со реновирање на угостителската сала,се размислува за достапна храна во салата за учениците и вработените во училиштето |
| Тема: Заштита од физички повреди и елементерни непогоди | Обучени лица за прва помош кои поседуваат сертификат се: Картов Доне и дипломираната медицинска сестра - Илинка Илиевска |

| | |
|---|---|
| Тема: Превенција од насилство, Заштита од семејно насилство, Заштита од психичко и физичко насилство,Сајбер насилство | - Во рамките на годишната програма 2023/24 и 2024/25 година,за справување со насилство училиштето има изготвено протокол,кој се реализира за време на класниот час во склоп на програмата ОЖВ и класните раководители се должни да реализираат по еден час во полугодие.<br><br>-Од страна на ППС се водат индивидуални советодавни разговори со ученици кои манифестирале разни облици на агресивно однесување.<br><br>-На 28 септември по повод Европскиот ден на јазиците и како дел од активностите на тимот за спречување насилство во училиштата се оддржа работилница насловена „Човек на човека е волк“ . Во настанот беа вклучени 20 ученици од нашето училиште кои дискутираа за однесувањето на учениците, наставниците и сите останати вклучени во наставниот процес. Даваа примери за насилство и посочуваа начини како тоа да се превенира. На крајот од работилницата на хамер пишуваа зборови и изрази спротивни на насилство на повеќе странски јазици.<br><br>-5 Октомври 2023 г. Трибина на тема: Врсничко насилство во училиштата (организатор: Црвен крст – Гевгелија)<br><br>-16 Октомври 2023 г. работилница на тема: Позитивните и негативните влијанија на социјалните мрежи<br><br>-Активности од Еразмус плус проект ,,CLOSE“ (октомври, ноември и декември). Инклузивно учење и социо – емоционално учење преку филм.<br><br>-Интерактивна работилница со дипломираниот психолог Розита Андонова за последиците што може да настанат од прекумерната употреба на интернетот исоцијалните мрежи се одржа на 25.10.2023 во медијатеката во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија;<br><br>-Родово базирано насилство и семејно насилство на локално ниво - реализирана на 1.12.2023 г. Организатор: МОН<br><br>-Начини на превенција и справување со насилството во училиштата- реализирана на 14.12.2023 г. Организатор: МОН и БРО<br><br>-Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање |

| | |
|---|---|
| | проблемски ситуации, во истражувачки активности и слично), одржана на 12.06.2024 година. |
| Тема: Грижа за учениците од социјално загрозените семејства и болните | 28.09.2023 Отворен ден за масажа со физиотерапевти<br>-29.09.2023 Одбележување светски ден на срце<br>-14.11.2023 Одбележување светски ден на дијабет<br>-02.02.2024 Посета на ПЗУ Жан Митрев Клиника Струмица<br>-07.04.2024 Светски ден на здравје<br>-12.04.2024 Недела на хигиенизација , посета на група дечиња во централната градинка ,,Детска радост " Гевгелија<br>-19.04.2024 Едукативна посета во Центарот за дијализа ДИАВЕРУМ Гевгелија<br>-На 23.12.2023 година, се организираше Новогодишен базар од хуманитарен карактер во просториите на училиштето. Заинтересираноста на учениците за давање на свој хуманитарен придонес беше голема, а нивната креативност се покажа преку производите кои ги продаваа на своите штандови. Способноста и вештината на учениците се покажа на дело, сплотеноста и тимската работа придонесе за успешност на самиот настан. Собраните средства од базарот, 14 000 денари се претворија во ваучери и се предадоа на ученици кои учат во училиштето, а припаѓаат на групата од социјално ранливите категории. |
| Тема: Заштита од пушење, алкохол и дрога | На 28.12. 2023 година, се одржа предавање за ризикот од употребата на петарди, а предавањето беше реализирано од стручно лице, доктор-специалист по пластична и реконструктивна хирургија од клиниката во Скопје. Учениците беа запознаени со ризикот и штетата која може да се случи од нивната употреба.<br>- Предавање на тема „Борба против никотинизам, алкохолизам и нарокманија"се одржуваат континуирано во текот на целата учебна година |

| *Индикатор 4.2* | *Здравје* |
| --- | --- |

Училиштето активно води грижа за здравјето на учениците и вработените. Хигиенските услови се подобрија за време на пандемијата. Редовно се вршеше дезинфекција во училниците и канцелариите помеѓу часовите, проветрување на просториите, проверка на здравствената состојба на учениците, наставниците и персоналот, со секојдневно мерење на телесната температура пред влез во училиштето. Имаше овозможено средства за дезинфекција и лична хигиена во училниците и канцелариите. Постојано се вршеше контрола за носење маски, со што се штитеше здравјето на учениците и вработените. Се имплементираа редовно препораките од МОН за заштита од ширење на вирусот. Систематските прегледи на учениците и вработените се одвиваа редовно.

Со опремувањето и отварањето на угостителската сала се зголемија и обврските за одржување хигиена на повисоко ниво. Треба да се обрне внимание на хигиенските услови о на паркингот пред неа.

Соблекувалните во спортската сала се неодамна реновирани, поставени се нови ПВЦ врати, и редовно се одржува хигиената во нив,како и хигиената во тоалетите за учениците и ходниците во училиштето, но треба да се обрне посебно внимание на хигиената во тоалетите за наставниците. Училиштето делумно ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигање на повисоко ниво на хигиена во училиштето, надвор од него и заштита на здравјето на учениците и вработените. Редовно се организираат систематски прегледи и крводарителни акции.

Во однос на храната, во изминатиот период, покрај сендвичарите и пекарите, се отворени нови објекти за здрава храна во близина на училиштето, со што се подобри квалитетот на исхрана на учениците и конзумирање на здрава храна, што има влијание и врз нивното здравје. За време на наставата, постојано се едуцираат учениците од страна на класните раководители за предностите од здравата исхрана и здравите животни навики.

<u>Грижа за учениците со емоционални потешкотии</u>

Учениците со емоционални потешкотии, учениците од социјално-економска ранлива категорија и учениците со посебни потреби и когнитивни пречки во развојот во училиштето континуирано се детектираат, следат и за нив се води грижа преку превземање соодветни конкретни мерки и во рамки на можностите и стручноста на училиштето но и во соработка со релевантни институции.Стручната служба на училиштето нуди на располагање еден психолог и еден педагог. Таа е во

постојана соработка со предметните наставници и класните раководители преку кои се идентификуваат учениците со емоционални потешкотии и заеднички се превземаат соодветни мерки според природата на проблемите кај овие ученици. Со учениците се работи најчесто индивидуално во кои се вклучени сите засегнати страни што придонесуваат кон подобрување на нивната психо-физичката состојба (предметен наставник, класен раководител, родители, психолог, педагог, Центар за социјална работа). Грижата на училиштето за учениците со емоционални потешкотии, а посебно со учениците од социјално-економска категорија (многу често овие две категории се комбинирани и взаемно условени), се воочува преку бројни активности и мерки коисе превземаат и како дел од задолжителната образовно-воспитна компонента на училишната програма, но и како самоиницијативност на училиштето. Се разговара со родителите при тоа користејќи ги родителските средби, отворените денови, советувањето на родители, а се помага и со хумана материјална помош и поддршка за учениците на кои таа им е потребна преку акции во кои се вклучени сите ученици и целиот наставен кадар. При ваквите акции од страна на училиштето се запазува дискретноста која е од големо значење за оваа осетлива категорија на ученици.

*Амбиции* – Обезбедување вештини, знаења и посветеност не само на дел, туку на целиот наставен кадар, за препознавање и насочување на учениците со емоционални потешкотии, аутизам и интелектуална попреченост.

| *Индикатор 4.3* | *Советодавна помош за понатамошно образование на учениците* |
| --- | --- |
| Тема | Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |
| Училиштето обезбедува јасни, точни и навремени информации за можностите за понатамошно образование, обезбедува информации за доусовршување или вработување, обезбедува учење и информирање преку работа | • Училиштето на учениците им нуди помош при избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување. Училиштето има соработка со релевантни институции кои можат да помогнат во изборот на учениците за нивното понатамошно образование или избор на професијата, а истата главно се остварува преку стручната служба, класните раководители, наставниците по практична и стручна настава од стручното образование, а училиштето располага и со обучени кариерни советници, но и со наставници кои во училиштето ги спроведуваат часовите „Планирање на кариера“ како содржини програмирани од училиштето. Од најголемо значење е воведувањето на новите програми за струките „Учење преку работа“ кои овозможуваат учениците да се стекнат со знаења но и да се запознаат со можностите за работа од прва рака, односно директно кај работодавачите. Преку изведување на феријална пракса за струките, создадена е можност не само за избор на понатамошно образование на учениците од стручно образование туку и можност за нивно вработување.<br>• Во 2021 година иако ковид-пандемијата во текот на второто полугодие веќе беше во згаснување, практичната настава со учениците сè уште трпеше последици да се одвива според вообичаените програми, но сепак училиштето во текот на целата година стоеше на располагање и овозможуваше учениците да ги добијат потребните информации и насоки. |
| Начин на информирање на учениците и родителите | На учениците и родителите им е овозможено непосредно да се информираат за постоечките восокообразовни институции.Училиштето ги информира преку организирани презентации и информативни средби со истите по однапред определен распоред во просториите на училиштето, дистрибуирање на пропаганден материјали спроведување на „отворени денови“ кои се реализираат според планирањата на училиштето најмалку по еден во полугодие, при кои родителите на учениците имаат можност да остварат |

| | |
|---|---|
| | консултативни и информативни средби со класните раководители, сите предметни наставници, стручната служба и директорот на училиштето. Како слободни часови во училиштето се реализира и предметот планирање на кариера.<br><br>Од 2022 година СОУ Јосиф Јосифовски ја отвори новоизградената и опремената угостителска сала чиј ентериер и опрема е на исклучително високо ниво. Салата од истата 2022 година во месец мај се користи како „саем“ на струките кои се изучуваат во училиштето и на однапред определен датум се организира доаѓање на сите полуматуранти од Гевгелија и околните општини со цел подобро да се запознаат и информираат со можните алтернативи кои ги нуди училиштето за избор на нивно понатамошно образование. |
| SWOT | **Јаки страни**<br><br>Училиштето им помага на учениците за нивно понатамошно образование преку информирање и посредување за презентации од високообразовните институции; Одржување на соработка на училиштето со компании преку која се постигнува висок квалитет на стручното образование, а кариерните советници кои ги реализираат слободните часови по предметот планирање ја надополнуваат интеракцијата помеѓу учениците, стручната служба, класните раководители, предметните наставници, родителите, а организира и отворен ден за посета на учениците кои завршуваат со основното образование за да се запознаат со изборот кој им го нуди училиштето. Училиштето ги спроведува програмите „Учење преку работа“ за учениците од стручното образование. |
| | **Слабости**<br><br>Потребна е поголема вклученост на учениците во запознавањето на високо-образовните институции преку организирани посети на истите. |
| | **Можности**- Училиштето им нуди можност на учениците да помогне при добивање на препораки и |

| | |
|---|---|
| | насочување кон нивно вработување во компании кои соработуваат со училиштето. |
| | **Закани** - Недоволната (нецелосна) информираност може да доведе до намален интерес за понатамошно образование, а со тоа и намален социјален и интелектуален развој, како и потешкотии при решавање на едно од егзистенцијалните прашања – вработувањето. |
| | **Амбиции**<br>Изнаоѓање на модели за информирање на учениците за понатамошно образование кои одговараат на предизвиците и потешкотиите, како што претставуваше Ковид пандемијата (Организирани презентации на дигитални платформи, виртуелни посети на универзитети и сл.). |

## САМОЕВАЛУАЦИЈА 2025

## Споредба на просечен успех по класови во 2024 и 2025 година

| 4.4 Следење на напредокот на учениците просечен успех | | | | | | години и насоки | | | години | | | Зголемување | Без промена | Намалување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Клас | | Број | 23-24 | 24-25 | Раз | 23-24 | 24-25 | Раз | 23-24 | 24-25 | Раз | + | 0 | - |
| II-1 | Гимназија | | 4.23 | 4.21 | -0.02 | 4.55 | 4.56 | 0.01 | 4.01 | 3.97 | -0.04 | 4 | 0 | 6 |
| II-2 | Гимназија | | 4.30 | 4.50 | 0.20 | | | | | | | | | |
| II-3 | Гимназија | | 4.88 | 4.87 | -0.01 | | | | | | | | | |
| II-4 | Гимназија | | 4.80 | 4.65 | -0.15 | | | | | | | | | |
| II-5 | Здравствена | | 4.77 | 4.82 | 0.05 | 4.77 | 4.82 | 0.05 | | | | | | |
| II-6 | Економска | | 4.37 | 4.33 | -0.04 | 4.37 | 4.33 | -0.04 | | | | | | |
| II-7 | Машинска | | 3.32 | 2.90 | -0.42 | 3.32 | 2.90 | -0.42 | | | | | | |
| II-8 | ХТТ | | 3.66 | 3.74 | 0.08 | 3.66 | 3.74 | 0.08 | | | | | | |
| II-9 | УГО-III степен | | 3.15 | 3.29 | 0.14 | 3.15 | 3.29 | 0.14 | | | | | | |
| II-10 | МАШ-III степен | | 2.64 | 2.36 | -0.28 | 2.64 | 2.36 | -0.28 | | | | | | |
| III-1 | Гимназија | | 4.61 | 4.53 | -0.08 | 4.55 | 4.51 | -0.04 | 3.86 | 3.89 | 0.03 | 5 | 0 | 4 |
| III-2 | Гимназија | | 4.50 | 4.35 | -0.15 | | | | | | | | | |
| III-3 | Гимназија | | 4.37 | 4.11 | -0.26 | | | | | | | | | |
| III-4 | Здравствена | | 4.83 | 4.94 | 0.11 | 4.83 | 4.94 | 0.11 | | | | | | |
| III-5 | Економска | | 4.46 | 4.62 | 0.16 | 4.46 | 4.62 | 0.16 | | | | | | |
| III-6 | Машинска | | 3.00 | 2.88 | -0.12 | 3.00 | 2.88 | -0.12 | | | | | | |
| III-7 | ХТТ | | 3.08 | 3.12 | 0.04 | 3.08 | 3.12 | 0.04 | | | | | | |
| III-8 | УГО-III степен | | 2.99 | 3.50 | 0.51 | 2.99 | 3.50 | 0.51 | | | | | | |
| III-9 | МАШ-III степен | | 2.92 | 3.00 | 0.08 | 2.92 | 3.00 | 0.08 | | | | | | |
| 401 | Гимназија | | 4.92 | 4.93 | 0.01 | 4.43 | 4.57 | 0.14 | 4.16 | 4.24 | 0.08 | 4 | 0 | 4 |
| 402 | Гимназија | | 4.77 | 4.62 | -0.15 | | | | | | | | | |
| 403 | Гимназија | | 4.51 | 4.39 | -0.12 | | | | | | | | | |
| 404 | Гимназија | | 3.51 | 4.32 | 0.81 | | | | | | | | | |
| 406 | Економска | | 4.18 | 4.11 | -0.07 | 4.18 | 4.11 | -0.07 | | | | | | |
| 407 | Машинска | | 3.25 | 2.97 | -0.28 | 3.25 | 2.97 | -0.28 | | | | | | |
| 408 | ХТТ | | 3.61 | 3.90 | 0.29 | 3.61 | 3.90 | 0.29 | | | | | | |
| 409 | Здравствена | | 4.56 | 4.70 | 0.14 | 4.56 | 4.70 | 0.14 | | | | | | |
| | | 0 | 4.01 | 4.02 | 0.01 | | | | | | Број | 13 | 0 | 14 |

Забележано е незначително зголемување на просечниот успех за сите ученици од 0.01 .

| | |
|---|---|
| IV. Поддршка на учениците<br><br>IV.4 Следење на напредокот | Направена е споредба на просечниот успех за 29класа од втора, трета и четврта година за учебната 2024-2025 и нивниот успех во учебната 2023-2024.<br><br>Кај 14 класови (50%) е констатирано зголемување на успехот, кај 14 класови (50%) има намалување на успехот.<br><br>Клас со најголемо зголемување на успехот е 404 од гимназиско образование од 3,51 на 4,32 или разлика од 0,81.<br><br>Класови со најголемпад на успехот се класот 210 од машинска струка 3 степен од 2,64 на 2,36, како и 407 од машинска струка 4 степен од 3,25 на 2,97 или разлика од -0,28.<br><br>Забележано е незначително зголемување на просечниот успех за сите ученици од 0.01 .<br><br>Промената на успехот по класови , насоки и години е со помали отстапувања и е прикажано во долната табела. |

## Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | ➢ Углед/имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училишна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето<br>➢ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| 5.2. | Промовирања на постигањата | ➢ Промовирање на личните постигања на учениците<br>➢ Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 5.3 | Еднаквост и правичност | ➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков правичен третман на сите ученици<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | ➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со локалната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| ИНДИКАТОР 5.1. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
| Тема: **Углед на училиштето** | |
| Собирање податоци: Кои податоци се собрани? Кои методи се користени? Обработка на документи | |
| Документи кои се прегледани/користени инструменти | Кои информации се собрани? |
| Монографии за училиштето<br>Фотографии и материјали од развојот на училиштето<br>Дипломи<br>Пофалници<br>Благодарници<br>Кампања:<br>„Јас ја избрав мојата иднина“ – кратки видеа<br>во кои некогашни ученици ги искажуваат своите искуства, но и придобивките што ги стекнале во ова училиште<br>Видео записи од активностите на учениците<br>Веб – страница на Училиштето<br>Годишни извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за | Училиштето има долга традиција – постои 73 години.Резултатите и постигнувањата на учениците во различни области на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари го потврдуваат високиот квалитет на работа и должната почит кон оваа институција. Голем број ученици по завршувањето на средното образование и понатаму продолжуваат да го надградуваат своето образование на универзитетите во земјава и надвор од неа. Дел од нив, денес се наоѓаат на високи, раководни и угледни работни места и на одговорни позиции во општествениот живот. Затоа, со задоволство може да констатираме дека од Училиштето учениците излегуваат солидно подготвени за понатамошниот професионален развој. Визијата и мисијата на Училиштето се истакнати на јавно место и се достапни за секој што сака да ги прочита.<br><br>Училиштето се грижи за здравјето на учениците. Пред почетокот на школската година се преземаат мерки за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот објект. Учениците од прва година и од завршните класови задолжително одат на систематски преглед. Задолжително се спроведуваат систематски и санитарни прегледи и за сите вработени. Во соработка со педагошко – психолошката служба се одржуваат едукативни предавања на различни теми поврзани со здравјето на учениците.<br><br>Училиштето е опремено со видео – надзор. Поставени се камери во внатрешноста на училишната зграда, во холовите и на места каде што се регистрираат сите можни движења во училиштето, но и |

| | |
|---|---|
| 2023/24 и за 2024/25 година<br><br>Годишни програми за работа на Училиштето за 2023/24 и за 2024/25<br><br>Дневник за работа на паралелката<br><br>Програма за работа на класен час<br><br>Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“<br><br>Интегрирано планирање во наставата<br><br>Годишни планирања на наставниците<br><br>Летоци во кои се претставува училиштето<br><br>Видео презентација за подрачјата и насоките што ги нуди Училиштето<br><br>Разговор со учениците<br><br>Набљудување | пред влезовите во училишната зграда. Во ходниците има противпожарни апарати и хидранти.<br><br>Исто така и во новиот и во стариот дел од училишната зграда има поставени панични светла, во случај да снема електрична струја. На влезот од училиштето од страна на Владата на Република Северна Македонија и на Дирекцијата за заштита и спасување истакнати се и достапни за сите: Постапки во случај на пожар и Постапки во случај на земјотрес. Според тоа, за да биде безбедноста и сигурноста кај учениците на високо ниво постои изработена Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди на учениците и вработените. Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето. Освен наставниците за безбедноста се грижат и лица ангажирани од Агенцијата за обезбедување.<br><br>Во училиштето се негува родовата сензитивност, а на тоа особено се внимава при формирањето на паралелките. Нашето училиште според составот е релативно етнички хомогена средина, со мали исклучоци. Резултатите од анкетите на учениците покажуваат дека постои заемна почит, еднаквост и правичност кај учениците од различен пол и од различно етничко потекло. Спроведувањето на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ не само на класните часови, туку и во наставните програми по различни предмети го актуелизира проблемот на почитување различна етничка припадност.<br><br>Во најголем дел, во Училиштето се реализираат точките на акција од третиот и четвртиот еко – стандард. Училиштето обезбедува здрави услови за работење и престој во училишната зграда. |

| Тема: **Кодекс на однесување** | |
|---|---|
| Куќен ред на училиштето<br><br>Кодекс на однесување на учениците<br><br>Кодекс на однесување на наставниците<br><br>Кодекс на однесување на родителите<br><br>Етички кодекс на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија<br><br>Кодекс на еко наставник и вработените<br><br>Кодекс на еко ученик<br><br>Еко кодекс на хигиеничарите во нашето училиште<br><br>Правилник за изрекување педагошки мерки на учениците | Училиштето има Куќен ред. Овој интерен правилник со кој се регулирани правилата на однесување кои треба да ги почитуваат сите што се поврзани со воспитно – образовниот процес е изработен од педагошко – психолошката служба, правник и директор. Исто така, училиштето има Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на наставниците и Кодекс за однесување на родителите. Во изработката на овие кодекси учествуваа психолошко – педагошката служба, секретарката, директорот, наставници и ученици. Училиштето исто така, има Етички кодекс на СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија, а нормите на овој кодекс се задолжителни за сите ученици и наставници. И во изработката на овој кодекс учествуваа: педагог, психолог, директор, секретар и наставници.<br><br>Училиштето има донесено и еко – кодекси: Кодекс на еко наставник и вработените, Кодекс на еко ученик и Еко кодекс на хигиеничарите во нашето училиште. Во изработката на овие еко – кодекси учествуваа: педагошко – психолошката служба, директор, секретар, еко – тимот составен од наставници и ученици. Значи, при изработката и при усвојувањето на кодексите е спроведена демократска процедура со учество на претставници од сите структури во училиштето. Со сите овие кодекси се запознаени учениците, наставниците и воопшто, сите вработени. Уште на првиот час во септември учениците се запознаваат со Куќниот ред на училиштето. На првите родителски средби во септември со содржината не само на Куќниот ред, туку и на другите кодекси се запознаваат и родителите. Кодексите на однесување се поставени на видни места во училиштето достапни за сите вработени и за сите ученици.<br><br>Училиштето има донесено и Кодекс за облекување на учениците.<br><br>Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите, и таквите процедури ги спроведува во практика. |

| Тема: **Училишна клима** | |
|---|---|
| Статут на училиштето<br><br>Дневник на паралелките<br><br>Записници од Советот на паралелките и од Наставничкиот совет<br><br>Записници од Состанокот со родителите<br><br>Програма за работа на класен час<br><br>Годишни извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/24 и за 2024/25 година | Еднаквиот однос кон учениците независно од нивната полова, етничка, национална и верска припадност, како и еднаквиот третман на наставниците создава позитивна училишна клима. Тоа е во согласност со политиката на училиштето што се потврдува во пракса.<br><br>Наставниот кадар, педагошко – психолошката служба, Директорот на училиштето и сите други вклучени субјекти во секојдневната работа активно ја подигнуваат свеста за надминување на сите меѓусебни разлики. Соработката меѓу вработените и желбата за позитивна училишна клима се согледува во заедничките прослави на Василица и на Патрониот празник на училиштето.<br><br>Работата на класните часови, согласно Програмата за работа го актуелизира проблемот на почитување и со тоа активно ја подигнува свеста и на наставниците и на учениците во однос на ова прашање. Паралелките во нашето училиште се формираат врз принципот на еднаквост во поглед на половата и етничката припадност. Натпреварите од спортски и научен карактер, подготовката на приредби и манифестации, како и учеството во различни конкурси и проекти, подеднакво ги застапува сите ученици.<br><br>Училиштето има политика на поддршка за учениците кои имаат пречки во развојот. Во наставата со нив се реализира посебна Програма за ученици со посебни образовни потреби.Воспитно – образовната работа на сите наставници ја поттикнува свеста на учениците активно да им помагаат на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето и во процесот на социјализација.<br><br>Во училиштето постои тим за анализа на критични точки на комуникација (меѓу одредени структури ученици, родители, наставници). За да се надминат критичните точки кои ја нарушуваат позитивната клима во училиштето постојат интерни документи – Протоколи за справување со |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на инклузивниот тим (за учениците со ПОП)<br><br>Годишна програма за работа на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за учебните 2023/24 и за 2024/2025 година<br><br>Разговори со ученици<br><br>Анкета<br><br>Набљудување | насилство меѓу учениците, Протоколи за рана детекција и превенција на ученици со ризично однесување во делот на злоупотреба на психотропни супстанци и алкохол како и постапност во справувањето со ученици кои имаат асоцијално и антисоцијално однесување.<br><br>Од анкетата спроведена меѓу учениците најголем дел се изјасниле дека се чувствуваат безбедно во училишната средина и ако имаат некаков проблем знаат кому да се обратат. Исто така, тие сметаат дека комуникацијата и соработката меѓу учениците од различен пол, од различно етничко потекло и социјален статус се засновуваат на заемна почит, еднаквост и правичност. Според резултатите од анкетата Училиштето ги почитува правата на учениците со посебни образовни потреби и помага за нивна вклученост во воспитно – образовниот процес. Најголемиот дел од учениците се изјасниле дека училиштето нуди подеднакви услови и можности на учениците да бидат вклучени во разни активности, проекти, манифестации и конкурси. Тие исто така сметаат дека учеството во активностите на средношколската заедница е право на учество на секој ученик. |
| Тема: **Поведение и дисциплина во училиштето** | |
| Годишни извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/24 и за 2024/25 година | Дисциплината на учениците и на вработените главно задоволува. Работната атмосфера за време на наставата е на задоволувачко ниво. Вработените внимателно се справуваат со проблемите во однос на редовноста и дисциплината, а исто така се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Еден од начините како тоа го реализираат е преку дежурства на наставниците. Во училишниот хол се истакнати и достапни за сите Правила кон кои се придржува дежурниот наставник.<br><br>Куќниот ред на училиштето, Етичкиот кодекс, Кодексот за однесување на учениците, Кодексот за однесување на наставниците, Еколошките кодекси јасно укажуваат на правата и обврските на учениците и на наставниците. Сите овие кодекси се засновани на почитување на начините на |

| | |
|---|---|
| Список на наставници за дежурства<br><br>Правила кон кои се придржува дежурниот наставник<br><br>Правилник за изрекување педагошки мерки<br><br>Годишни извештаи за работа на училишниот педагог и на училишниот психолог | однесување во училиштето. Тоа подразбира редовност, дисциплина, соодветен начин на облекување, начин на однесување за време на часовите и за време на одморите, заштита на училишниот инвентар и постојано будна еколошка свест.<br><br>Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки и води политика на навремено справување со несоодветното однесување на учениците. Па така, во учебната 2023/2024 година се изречени вкупно 42 педагошки мерки од кои 18 – писмена опомена од класен раководител и 22 – опомена пред отстранување и 2 опомени од директор.<br><br>Во учебната 2024/2025 година се изречени вкупно 89 педагошки мерки од кои 56 – писмена опомена од класен раководител, 32 – опомена пред отстранување, а отстранување од училиштето на еден ученик.<br><br>Училиштето води писмена евиденција за тековните случувања. За сите тековни случувања има прилози во Годишниот извештај за работата на училиштето. Извештајот од педагошко – психолошката служба за поведението и дисциплината на учениците се темели врз основа на: записници од изречени педагошки мерки, решенија за изречени педагошки мерки, педагошката евиденција – дневник на паралелката и главната книга, записници од советувања на родители, разни евиденции за разговори со ученици, родители и наставници. Одговорни лица се: Светлана Митровска – училиштен психолог и Маја Проданова – педагог. |
| Тема: **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** | |
| Програма за работа на средношколската заедница | Училиштето има демократски формирана ученичка заедница. Составена е од претставници од сите класови - најчесто претседателите на класното раководство. Има свое претседателство и работни групи избрани со тајно гласање од самите членови. Исто така, членови на ученичката заедница се и ученици кои покажуваат музички, драмски, ликовни, готварски, спортски, говорнички и организаторски способности. Членови се сите ученици што имаат идеи и што сакаат да се вклучат во различни активности на ученичката заедница. Училишната заедница ги застапува |

| | |
|---|---|
| Извештај за работата на средношколската заедница за 2023/24 и за 2024/25 година<br><br>Годишни програми за работа на Училиштето за 2023/24 и за 2024/25 година<br><br>Годишните извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/24 и за 2024/25 година | интересите на учениците и учествува во носењето одлуки за сите прашања што се од непосреден интерес за учениците. Затоа што претставува врска меѓу учениците и училишните служби преку неа учениците се целосно и навремено информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес. За подобро функционирање и информирање во учебната 2023/24 година учениците одлучиле претседателство да раководи со Средношколската заедница. Во претседателството ги избрале: за прва година – Милан Миленковиќ, за втора – Зоран Кундурџиев, за трета – Димитар Урумов и за четврта – Мирјана Пешова. Координатори на активностите за Средношколската заедница биле професорките Розета Картова и Ирена Никова. За 2024/25 година претседател на Средношколската заедница беше Зоран Кундурџиев, а координатор професорката Даниела Цишева.<br><br>Во училиштето има еко – одбор и има еко – патроли. Учениците недоволно учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки на седумте чекори и точките на акции од воспоставените еко – стандарди. Постои еко – патрола во училиштето, но таа не ги исполнува целите поради кои треба да постои. Ученицте се делумно информирани за сите активности од еколошката програма што се од нивен интерес. |

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците,

- се негува родовата сензитивност,

- постои заемна почит и еднаквост кај учениците од различно етничко потекло,

- Училиштето обезбедува здрави услови за работење и престој во училишната зграда и во училишниот двор,

- Училиштето има Куќен ред,

- има кодекси на однесување со кои се регулираат правилата на однесување на сите структури во Училиштето,

- постои еднаков однос кон учениците независно од нивната полова, етничка, национална и верска припадност,

- на натпреварите со спортски и научен карактер, на приредби, манифестации, учество во проекти, подеднакво се застапени сите ученици,

- Училиштето им дава поддршка на учениците со ПОП,

- се поттикнува свеста кај учениците да им се помага на учениците со потекотии во учењето и во процесот на социјализација,

- Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки и води политика на навремено справување со несоодветното однесување на учениците,

- Училиштето нуди подеднакви услови за учество во активностите на средношколската заедница.

**Слаби страни:**

- потребна е поголема среденост и хигиена во помошните простории од стариот дел на училишната зграда,

- да се посвети поголемо внимание за уредувањето на училишниот хол,

- еко – патролата не ги исполнува целите поради кои постои,

- нема еко – секции и учениците не се доволно информирани и вклучени во активности од еколошката програма што се од нивен интерес,

**Препораки за надминување на констатираните слаби страни:**

- да се исчистат и да се средат помошните простории во училниците од стариот дел на училишната зграда,

- да се отстранат од огласните табли во училишниот хол и пред влезот на Училиштето стари огласи и соопштенија што веќе не се потребни,

- да се формира еко – секција и да се разговара за еколошка програма на ученичката заедница.

| *Индикатор 5.2 Промовирање на постигањата* | |
|---|---|
| | |
| **Инструменти**<br><br>**Извор на податоци** | **Добиени информации** |
| - Извештај од работата на активите<br><br>- Годишен извештај на Училиштето<br><br>- Веб-страна на Училиштето<br><br>- Училиштен весник<br><br>- Извештаи од работата на проектните групи | И во текот на учебната 2023/2024 и во 2024/2025 година учениците се вклучиле во голем број учества на разни натпревари, конкурси, манифестации, работилници, хуманитарни настани, еко-акции и друго.<br><br>Добиени се бројни меѓународни, државни, регионални и општински награди.<br><br>Се реализираат голем број манифестации, претстави и настани во кои учениците имаат можност да ги искажат и афирмираат своите афинитети и достигнувања.<br><br>За случувањата и достигнувањата на учениците редовно се известува на веб-страницата на Училиштето.<br><br>Училиштето има склучено меморандум за соработка со Општина Гевгелија и ТВ „Нова“ со што исто така на нивниот медиумски простор се известува и се промовираат постигањата на учениците.<br><br>Во Училиштето редовно работи проектната група за училиштен весник која го подготвува и еднаш годишно гоиздава  и печати Училишниот весник во кој се вклучени сите активности и постигања на Училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Медиумскиот клуб редовно соработува со Високата школа за новинарство и односи со јавноста објавувајќи статии и интервјуа со ученици и професори на веб-страницата www.medium.edu.mk.<br><br>Редовно се издвојуваат средства за котизација на учениците и наставниците за сите видови натпревари (меѓународни, државни, регионални и општински).<br><br>На крајот од учебната година се одржува манифестација во која на учениците и професорите им се доделуваат дипломи и признанија за постигнатите резултати.<br><br>По пристигнувањето на резултатите од матурските испити, се прогласува ученик на генерацијата на којшто му се доделува признание.<br><br>Учениците се мотивирани за учество во проектни активности и секции, па на крајот од школувањето се наградуваат и за континуирано четиригодишно учество во истите (училиштен хор, драмски секции, училиштен весник, балетска група).<br><br>Училиштето, исто така, е домаќин при одржување на натпревари во соработка со факултети и државни институции. |

| **Индикатор за квалитет 5.2** | **Промовирања на постигањата** |
|---|---|
| **Тема** | Промовирање на постигањата |
| **Констатирани силни страни** | **Констатирани слаби страни** |
| Вклучување на голем број ученици во активностите на Училиштето.<br><br>Промовирање на Училиштето и стекнување на квалитетно образование.<br><br>Одржување голем број часови на воннаставни активности.<br><br>Поттикнување на натпреварувачки дух и афирмација на квалитетите на учениците.<br><br>Вклучување и на родителите во манфестациите на Училиштето.<br><br>Јавно информирање и промовирање на постигнатиот успех на учениците.<br><br>Стекнување признанија кои ќе им користат при запишување во високо образование на учениците | Учениците се временски ограничени во можноста за вклученост во сите настани.<br><br>Мотивацијата на учениците за вклученост во активности станува сè помала, генерално, заради преголемо користење на интернет и информатичките технологии и неможност да го поврзат реалниот со виртуелниот свет кој наметнува различни стандарди и побарувања.<br><br>Стравот од јавно компромитирање и исмевање на интернет мрежите го отежнува искреното и посветеното вклучување на учениците во разновидни активности, особено јавни настапи. |

**Препораки за надминување на воочените слаби страни:**

Координација со организаторите на конкурси, натпревари, манифестации и друго, заради поефективно работење, во однос на временската рамка на одржување на истите (најчесто надарените ученици учествуваат на повеќе конкурси и натпревари чиишто термини на одржување често се преклопуваат).

Стекнување доверба и обезбедување безбедна клима за работа во Училиштето и надвор од Училиштето во воншколските активности.

**1. Слаба страна:**

**Учениците се временски ограничени во можноста за вклученост во сите настани.**

**Препораки за надминување:**

- Воведување на пофлексибилен распоред за активности, прилагоден на обврските на учениците.
- Подобра координација и планирање на настаните со навремено известување, за да можат учениците да го организираат своето време.
- Вклучување на активности во рамки на редовната настава или во блок часови.
- Развивање на тимски проекти со поделба на задачи, каде секој ученик може да придонесе според своето слободно време.
- Поттикнување на партнерства со родители и локална заедница за поддршка на ученичкото учество во настани.

---

**2. Слаба страна:**

**Мотивацијата на учениците за вклученост во активности станува сè помала, генерално, заради преголемо користење на интернет и информатичките технологии и неможност да го поврзат реалниот со виртуелниот свет кој наметнува различни стандарди и побарувања.**

**Препораки за надминување:**

- Интегрирање на дигитални алатки и технологии во реалните активности за да се направи мост помеѓу виртуелниот и

реалниот свет (на пример, дигитални кампањи, видео-презентации, онлајн натпревари).

- Организирање на работилници за дигитална писменост и критичко размислување за влијанието на социјалните мрежи.
- Поттикнување на активности кои се поврзани со интересите на учениците (музика, фотографија, програмирање, екологија итн.).
- Обезбедување на позитивна медиумска промоција на ученичките успеси за мотивирање на останатите.
- Поттикнување на врсничка поддршка и лидерство – ученици кои се активни да бидат мотиватори за другите.

---

**3. Слаба страна:**

**Стравот од јавно компромитирање и исмевање на интернет мрежите го отежнува искреното и посветеното вклучување на учениците во разновидни активности, особено јавни настапи.**

**Препораки за надминување:**

- Организирање на часови и работилници за дигитална етика, безбедно користење на интернет и медиумска култура.
- Поттикнување на култура на почитување и поддршка во училиштето преку кампањи против врсничко насилство и онлајн исмевање.
- Понуда на активности кои прво се изведуваат во помали групи или во безбедна средина, за постепено градење на самодоверба.
- Активна поддршка од наставниците и стручната служба при подготовка на јавни настапи (психолошка и педагошка поддршка).
- Јавно признание и наградување на позитивни примери на ученичка храброст и отвореност при настапи.

| **Извори на податоци** | *Индикатор 5.3 Еднаквост и правичност* |
|---|---|
| Дневници на пралелките;<br><br>Записници од стручните активи;<br><br>Записници од Наставничкиот совет;<br><br>Ученичко досие;<br><br>Персонално и педагошко досие на наставниците;<br><br>Годишен извештај за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 и за 2024/2025 година; | Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br><br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност и социјален статус.Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>Без разлика дали учениците се од различен пол, од различно етничко потекло и социјален статус или со посебни образовни потреби досега не е појавено непочитување помеѓу нив. Училиштето преку план и програма за работа на класните часови, преку функционирање на класните заедници и Средношколската училишна заедница, помага во изградувањето на коректен однос на наставникот кон сите ученици и меѓу сите ученици од целото училиште. Стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето еднакво ги почитуваат правата на децата независно од нивната социјална, економска, верска, образовна или национална припадност. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат нивните права и ги заштитува, доколку нивните права се нарушени.<br><br>Училиштето овозможува сите ученици да добијат подеднаков третман преку грижа за обезбедување на бесплатни учебници од страна на МОН. |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на класен час;<br><br>Записници од работа на Средношколска заедница<br><br>Педагошка евиденција за вклученоста на учениците во воннаставни активности<br><br>Структура на паралелките<br><br>Анкета | Сите ученици се членови на средношколската заеадница во Училиштето, со избрани претставници од секој клас кои присуствуваат на состаноците и ги пренесуваат предлозите и заклучоците од работата на секој состанок.<br><br>Сите ученици имаат подеднакво право да бидат вклучени во активности кои ги организира Училиштето или институции со кои соработува. Исто така учениците имаат право на предлози и во согласност со работата на работните тела на Училиштето да поттикнат разни видови настани со координација на средношколската заедница,<br><br>Учениците организираат хуманитарни, културни  и други видови настани, во согласност со Програмата за работа на средношколската заедница и со Програмата за работа на Училиштето.<br><br>Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, но и културата и традицијата на другите етнички заедници во Македонија. Сите наставници во своите годишни планирања планираат и во текот на учебната годината реализираат часови во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција. Во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, беше спроведена работилница „Справување со стрес, депресија и анксиозност во време на пандемија“ во соработка со училиштето „Арсени Јовков“ од Скопје која се одржа онлајн. Проектот трае, во соработка со повеќе училишта од Републикава, обезбедувајќи успешна клима на соработка и развивајќи свесност за почитување на другоста. |
| | Според сето ова може да се согледа дека силните страни на училиштето се:<br><br>- комуникација и соработката помеѓу учениците,<br><br>- комуникација и соработка меѓу учениците и професорите,<br><br>- успешна соработка со ППС и детектирање и разрешување евентуални или постоечки проблемски ситуации,<br><br>- почитување на ученичките права,<br><br>- учеството во Средношколската заедница,<br><br>- чувството на рамноправност, |

| | |
|---|---|
| | - знаење каде треба да се обратат при постоење на проблем.<br><br>Од друга страна изречените педагошки мерки и разговорите со учениците покажуваат дека треба:<br><br>- да се обрне поголемо внимание во однесувањето на учениците,<br><br>- целосно почитување на Кодексот за однесување,<br><br>- на класните часови да се разговара повеќе за правата на децата, но и за нивните обврски;<br><br>- да се запознаат учениците со Конвенцијата за правата на децата и да се спроведе едукативен настан или платформа за денот на правата на децата, 20 ноември. |

| | |
|---|---|
| *ИНДИКАТОР 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница* | |
| Тема: Соработка на училиштето со родителите | |
| Документи кои се прегледани/ користени инструменти | Кои информации се собрани? |
| Годишни извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 и | Родителитесе вклученивоцелокупнатадејност научилиштето на повеќе начини. Секој класен раководител континуирано соработува со родителите на учениците од паралелката. Класните раководители имаат Програма за соработка со родителите што ја доставуваат до педагошко – психолошката служба на почетокот од учебната година. Најмалку двапати во текот на полугодието се одржуваат родителски средби. Освен тоа, класните раководители имаат индивидуални средби и разговори со родителите во зависност од потребите. Училиштето редовно одржува Отворени родителски средби каде родителите можат да поразговараат со наставниците по различни наставни предмети и да се запознаат со постигнувањата на нивните |

| | |
|---|---|
| за 2024/2025 одина<br><br><br><br><br><br><br><br><br>Записници од разговори со родители<br><br><br><br>Извештаи од родителски средби во дневниците на паралелките<br><br><br><br>Записници од советување на родители<br><br><br><br>Записници од состаноците на Училиштен одбор | деца.<br><br>Секоја парлелка има родител - претставник воСоветот на родители. Советот на родители има своја Програма за работа.<br><br>И во учебните 2023/24 и 2024/25 година беа одржувани индивидуални, групни разговори и советувања со родители на ученици кои пројавуваат слаб успех или имаат потешкотии во учењето, нередовно посетуваат настава, несоодветно или асоцијално се однесуваат, покажуваат недисциплина за време на часовите или непочитување на Кодексот за однесување во училиштето.<br><br>Во 2023/24 годинапоради  намален успех во учењето / негативна оценка по три или повеќе предмети, реализирани се 58 советувања со родители и 91 со ученици,порадинередовно посетување настава реализирани се 63 советувања на родители и ученици, а порадинесоодветно однесување во училиштетото, реализирани се вкупно 10 советувања.Сите повикани родители остварија комуникација и соработка со службата, па заради истото немаше потреба од интервенции во ЦСР.<br><br><br>Индивидуални и групни советувања со родители се одржани и во 2024/25 година. Поради намален успех во учењето / негативна оценка по три или повеќе предмети, реализирани се советувања со 60 родитела и 67 ученика; поради несоодветно однесување во училиштето реализирани се советувања со 73родитела и исто толку ученика - 73. Разговарано е и со 5 родитела и 5 ученика поради манифестирање насилство или друг вид асоцијално однесување. Сите повикани родители присуствуваа на закажаните средби на советување, мал број од нив се реализираа со меѓусебен договор /флексибилен пристап за временскиот распон на средбите или пак со телефонски разговори поради специфични ситуации (болест, престој во странство и сл.)<br>Соработката на училиштето со родителите се реализира и преку анкети наменети за родителите на актуелни теми или пак заеднички и за родителите, учениците и наставниците. Некои од тие анкети се: „Комуникација помеѓу родители и ученици, соработка со училиштето“, „Ментално |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 година и за 2024/2025 година | здравје – препознавање на нарушувања на менталното здравје кај младите“, „Превенција од болести на зависност“, „Врсничко насилство“, „Испитување на квалитетот на храната околу училиштето“, „Дискриминација и насилство“, „Квалитетот на наставата и интеракција со наставниот кадар“ .<br><br>Родителите се вклучени и во Училишниот одбор, како орган на управување во училиштето. Соработката со родителите се согледува и во организирање работилници, трибини, едукативни предавања (за актуелни теми).<br><br>Училишниот инклузивен тимво својата работа се залага за индивидуализирана поддршка на учениците со ПОП , како и за реализација на содржините по ИОП, во насока на стекнување знаења и вештини кај овие ученици. |
| Тема: Соработка со локалната заедница | |
| Годишни извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 и за 2024/2025 година | Соработка со локалната заедница  постои во текот на целата наставна година.Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку учество во повеќе манифестации за заедничко одбележување на Денот на Општината - 7 Ноември, одбележување на Заштитникот на градот Св.Спас, заеднички празнувања на новогодишните празници, еколошки акции, хуманитарни активности во соработка со Црвениот крст, со Центарот за деца со посебни потреби, со различни здруженија на граѓани, како и преку различни видови едукативни активности на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.<br><br>Училиштето ги следи потребите на пазарот на трудот. Затоа во организација на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, беше одржана работилница на тема: „Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво“. На средбата беа поканети и присуствуваа претставници и раководители од локални компании, директори на основните училишта, наставници, родители, како и претставници на општинската администрација од Одделението за образование во Општина Гевгелија. Во отворената расправа за унапредување на стручното образование, согласно потребите на пазарот на трудот во Гевгелија од страна на претставниците |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 година и за 2024/2025 година | на бизнис – секторот беше укажана потребата од воведување нови квалификации во секторот здравство и социјална заштита од делот на стоматологија и фармација.<br><br>Второто полугодие нашето училиште секогаш реализира Отворенден за ученици и ги презентира своите струки и гимназиското образование пред идните средношколци. Настанот е посетуван од страна на учениците од завршните одделенија од основните училишта, нивните наставници и директори, родители, но и од претставници наделовните партнери на Училиштето во кои се одвива и ќе се одвива професионалната пракса.<br><br>Од учебната 2024/2025 година СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија отвори нови образовни профили за учениците што ќе се запишуваат во прва година: забен техничар и фармацевтски техничар.<br><br>Во Народниот театар во Гевгелија на 4 ноември 2023 г. се одржа свечена академија по повод седумдесетгодишното постоење на гимназиското образование во Гевгелија. На академијата беше промовирана монографија со авторски текстови од професорите по македонски јазик и литература. На манифестацијата свое обраќање имаше и директорот, Александар Делиџаков. И во содржината на текстовите од монографијата и во обраќањето на Директорот јасно беше укажана поврзаноста на Училиштето со локалната средина и деловната заедница во неа.<br><br>Училиштето е активно вклучено во активностите на локалната заедница.Учениците и професорите покажаа масовност и успешно учество на Novemberrun 2023, трка која се одржа по повод 7 Ноември – Денот на ослободување на нашиот град од фашистичкиот окупатор. Успешно беше учеството на учениците и професорите и на првата трка„Трчањето не познава граници“ во која земаа учество и лицата со попреченост. Нашето училиште активно и успешно учествуваше и наредната,2024 година на овие трки, бидејќи тие станаа традиционални.<br><br>Соработката со локалната средина доаѓа до израз и во многу други спортски натпревари кои ги организира Општина Гевгелија, на пример: велосипедско дефиле, по повод 22 Септември-меѓународен ден без велосипеди и „Гевгелија на точак“ – вози за чиста Гевгелија.<br><br>Училиштето имаше успешно учество и на добротворниот саем „Исчекорете и подарете“, за собирање донации во хуманитарни акции за лица со попреченост. Училиштето континуирано, |

| | |
|---|---|
| | секогаш учествува во сите хуманитарни акции.<br><br>По повод 25 Октомври-Европскиот ден на правдата, ученици од Училиштето заедно со професорката Билјана Панова, и во последниве две учебни години, учествуваа на настан организиран од Основен суд во Гевгелија на темиповрзани со правата на децата и реформите на тие права.<br><br>Општина Гевгелија финансиски помага во издавањето на училишниот весник и парично го наградува најдобриот ученик во генерацијата.<br><br>Соработката со локалната средина се согледува и преку соработка со ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, во учество на конкурси и различни манифестации. Учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ се постојани дарители на крв и таа соработка со Црвениот крст и со Медицинскиот центар е постојана и традиционална. |
| Тема: Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | |
| Годишни извештаи за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 и за 2024/2025 година<br><br>Веб - страница на училиштето<br><br>Програма за работа на СОУ „Јосиф Јосифовски“ за 2023/2024 година и за | По укажувањата од Советот на Општина Гевгелија за воведување нови образовни профили од учебната 2021/2022 година СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија воведе Здравствена струка, а паралелно со неа сите останати стручни образовни профили од прва година влегоа во процесот на дуалното образование. Во контекст на дуалното образование се склучија повеќе од 25 меморандуми за соработка со јавниот и приватен сектор од Гевгелија што значи дека учениците во иднина дел од својата пракса ќе ја изведуваат во овие субјекти;<br><br>Од учебната 2024/2025 година нашето училиште доби одобрение за нови образовни профили за учениците што ќе се запишуваат во здравствената струка - прва година: забен техничар и фармацевтски техничар.<br><br>Тоа покажува дека училиштето ги задоволува потребите на локалната средина и остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава.<br><br>Соработката со јавниот и приватниот секторот ја зголемува мотивацијата на нашите ученици од стручните паралелки за сопствено усовршување и нуди можност за избор на квалитетна идна |

| | |
|---|---|
| 2024/2025 година | работна сила која има вештини за специфични работни места.<br><br>Континуирано, во изминатите учебни години, се реализираат проектите од програмата „Еразмус+“од кои учениците во струките стекнуваат знаења од практична настава во европски земји. Меѓународната размена и Еразмус+ искуствата преку учеството во европските проекти ја поттикна интернационализацијата на училиштето и придонесе за размена на добри практики, културна размена и примена на нови методологии.<br><br>Неколку конкретни примери за вклученоста на нашето училиште во меѓународни проекти го потврдуваат тоа.<br><br>Во рамките на програмата „Еразмус+“, акција КА102 – мобилност на ученици и кадар во стручно образование и обука, поддржано од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, нашето училиште го реализираше проектот „Иновации и двигатели на мехатрониката во автомобилската индустрија“, за секторот машинство, квалификација – машински техничар за моторни возилаи проектот „Иновативни бизнис практики“за секторот економија, право и трговија, квалификација – економски техничар/бизнис администратор. Учениците и нивните професори реализираа мобилност во Барселос, РепубликаПортугалија, во соработка со партнерската организацијаMobilityFriends (https://mobilityfriends.org/) во периодот од 17.9. до 30.9.2023 година. Преку овој проект учениците имаа можност да развијат различни вештини вклучувајќи: професионални вештини, социјални и мултикултурни, интеграција во различни средини, одговорности, јазични подобрувања, конкурентност на пазарот на труд и размена на искуства и знаења.<br><br>Преку дисеминацијата која се одржа во мај 2024 година, а на која беа поканети и гости од локалната средина, но и од деловната заедница, учениците ги презентираа своите стекнати знања и искуства од овој проект.<br><br>Во 2025 година преку програмата „Еразмус+“ акција КА102, - мобилност на ученици и кадар во стручното образование и обука, нашето училиште успешно го реализира проектот „Вештини за одржлив развој: Синергија на економијата, инженерството и туризмот“. Проектот беше поддржан |

| | |
|---|---|
| Фејсбук профилот на проектот Еразмус + | од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и овозможува интернационално стручно усовршување за нашите ученици во секторите: економија, право и трговија; машинство; угостителство и туризам. Мобилноста се реализира во април 2025 година, во Малага, Шпанија, во соработка со парнерската организација Euromind (https://euromind.es/). За време на престојот, учениците имаа можност да стекнат практично искуство преку работа во реална средина во соодветни компании, унапредувајќи ги своите знаења и професионални вештини.<br><br>Овие два примера потврдуваат дека ваквите проекти претставуваат одлична можност за размена на идеи и искуства, развој на интеркултурна соработка и подготовка на учениците за пазарот на труд во една современа и европска рамка.<br><br>Училиштето е добитник на Повелбата за стручно образование и обука во рамките на „Еразмус+“ програмата. Со имплементацијата на Повелбата за стручно образование и обука, нашето училиште продолжува да гради свој европски профил, создавајќи генерации ученици подготвени за вклучување на европскиот пазар на труд и општеството во целина.<br><br>Нашето училиште има успешна соработка и со повеќе училишта на меѓународно ниво.<br><br>Успешната соработка на општинско ниво се потврди и преку соработка меѓу средните училишта на збратимени општини. Па во учебната 2023/24 се одбележаа пет децении од првата средба во 1974 година на збратимените СОУ „Јосиф Јосифовски” од Гевгелија и Техничкото училиште „Михајло Пупин” од Инџија. Мотото на оваа средба беше: „50 години спомени. 50 години спој на генерации. 50 години мисија на соработка, блискост, гостопримливост, автентичност и оригиналност“.<br><br>Нашето училиште е едно од училиштата што го доби статусот Суперучилиште. Тоа е значаен чекор напред во поттикнување на процесот за создавање културен дијалог меѓу училиштата, учениците и нивните заедници. Во соработка со средното училиште „Јабланица“ од Јабланица, Р Босна и Херцеговина, Училиштето ја реализира проектната идеја „Запознајте ги суперучилиштата“. Оваа програма ја зајакнува регионалната поврзаност и го намалува етничкиот и културниот јаз меѓу младите од Западен Балкан.<br><br>Успешна соработка со училишта на меѓународно ниво се реализира и преку проектот Меѓуетничка интеграција (МИО) во образованието. Наше партнер – училиште е СЕПУГС „Арсени Јовков“ од Скопје. Целта е поврзување ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик, македонски и албански, во различен град, преку запознавање и меѓусебна дружба. Во учебната |

| | |
|---|---|
| | 2023/24 година таква средба со реализација на неколку работилници се реализира во Охрид, а во учебната 2024/25 година во градот Солун, во Грција.<br><br>Освен ваквата успешна вклученост на училиштето во меѓународните проекти и успешната соработка на меѓународно ниво, Училиштето воспоставува успешна соработка и со институциите во РС Македонија.<br><br>Членовите на медиумскиот клуб „Јоска“ имаат постојана соработка со Македонската информативна агенција (МИА), со националната Македонска радиотелевизија (МРТВ) со Институтот за комуникациски студии, со Македонскиот институт за медиуми и со Високата школа за новинарство.<br><br>Преку одржувањето на регионалните и државните натпревари Училиштето остварува соработка со образовни државни институции: МОН, БРО, ЦСОО, со Природно-математичкиот факултет, но и со другите факултети во Македонија. Особено со универзитетот „Гоце Делчев“од Штип. Најочигледна е таа соработка во мај кога секој факултет сака да ги претстави можностите што ги нуди за идните студенти. Исто така, продолжува соработката со Државниот испитен центар.<br><br>И во учебната 2023/24 и во 2024/25 година продолжи соработката со локалната телевизија ТВ „НОВА“ со цел таа да ги промовира и популаризира достигнувањата на учениците, но и да информира за разните настани и манифестации во кои учествуваат ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски“.<br><br>Постојана е соработката со Општина Гевгелија која објавува за постигнати резултати и актуелни настани поврзани со училиштето во општинскиот информатор: „Гевгелиски магазин“ и на својата веб- страница. |
| **Констатирани јаки страни:** | Училиштето соработува со родителите, со локалната заедница, со деловната заедница, со невладиниот сектор, со државните образовни институции, а на меѓународно ниво успешно ги реализира активностите од проектот Еразмус +. |

| | |
|---|---|
| **Констатирани слаби страни:** | Недоволна е мотивираноста на родителите за посета на Состаноците со родителите и нивната вклученост во активностите поврзани со нив. |
| **Препораки за надминување на слабите страни на училиштето:** | Да се мотивираат родителите за поголема посетеност на Состаноците на родители можеби преку онлајн средби, ако е причината слободното време или превозот кој го немаат за да присуствуваат на Состанокот. Да се интензивираат средбите и со учениците, заеднички средби на родителите и учениците, со цел и успехот и поведението на учениците да бидат подобри. |

## Подрачје на вреднување 6. РЕСУРСИ

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

### *6.1. СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ*

**Извори-документи кои се прегледани:**

- Годишна програма за работа;
- План за развој на училиштето;
- Записници од просветна и санитарна инспекција;
- Полугодишен и годишен извештај;

**Добиени информации**

- СОУ Јосиф Јосифовски се наоѓа на ул. Македонија 1 во Гевгелија, во објект тврда градба со П+2 ката, при што, канцелariскиот дел, источниот и северниот се од 1958, додека западниот дел е реновиран во 2018 г.
- Училиштето располага со 47 училници, Училиштето има работилница за машинска струка, кабинет по биологија и анатомија, кабинет за вежби од сектор здравство, еден кабинет физика, еден кабинет хемија, два кабинети информатика, еден кабинет ликовна уметност, еден кабинет музичка уметност, кабинет по географија. 1 спортска сала, библиотека со медијатека, 1 наставничка канцеларија, 4 канцеларии за администрација, санитарни простории и друг помошен простор. Вкупно 4.339 $m^2$, оптимално искористени за сите членови во училиштето и дворна површина од 11.490 $m^2$.
- Просториите се користат оптимално за изведување на воспитно – образовниот процес, кој се одвива во една смена, а училиштето презема конкретни активности за подобрување на состојбата.
- Заштитата и безбедноста на просториите се обезбедуваат преку агенција за обезбедување ангажирана од страна на Општина Гевгелија.

Училиштето располага со сопствена зграда во која се сместени следните простории:

*Табела бр.1*- **Административни простории**

| Ред.број | Вид на просторија | број | Површина $m^2$ |
|---|---|---|---|
| **1.** | Просторија за наставници | 1 | 114 |
| **2.** | Просторија за директор | 1 | 25 |
| **3.** | Просторија за архивар и секретар | 1 | 20 |
| **4.** | Просторија за педагошко - психолошкаслужба | 1 | 20 |
| **5.** | Просторија за раководител | 1 | 30 |
| **6.** | Библиотека | 1 | 50 |
| **7.** | Медијатека | 1 | 40 |
| **8.** | Разгласна станица | 1 | 10 |

*Табела бр.2* - **Простории за изведување настава**

| Ред.број | Вид на просторија | број | Површина $m^2$ |
|---|---|---|---|
| **1.** | Училници за општа намена опремени со компјутер и ЛЦД проектор | 38 | 1411 |
| **2.** | Специјализирани наставни простории | 7 | 844 |
| **3.** | Кабинети за информатика | 2 | 134 |
| **4.** | Кабинет за послужување - ресторанска сала | 1 | 200 |
| **5.** | Кабинет за готвење- кујна | 1 | 80 |
| **6.** | Работилници | 3 | 239 |
| **7.** | Фискултурна сала | 1 | 505 |

## *6.2. НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ* 2023/24 ГОДИНА.

Со цел подобрување на условите за реализацијата на воспитно образовниот работа ,естетскиот изглед и целокупната клима во училиштето во текот на учебната 2023/24 година се набавени наставни средства и материјали :

За подобрување на квалитетот на наставата и учењето, преку наменско трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за Училиштето е направено следново :

- ☑ Реконструкција на електрична инсталација во угостителска сала
- ☑ Обновување на 4 вентилатори за греење во спортската сала
- ☑ За активот по спорт и спортски активности набавена е спортска опрема – дигитален семафор.

- ☑ Набавени се наставно-образовни помагала 14 интерактивни табли/панели со дисплеј (65”) поставени во западното крило на училиштето (приземје и прв спрат), од кои еден панел во една училница на прв спрат – исток, како и 2 интерактивни панели (75“) поставени еден во кабинетот по физика и еден во угостителската сала. Овие интерактивни панели носат револуција во работењето, овозможувајќи динамично и интерактивно искуство во училницата. Со помош на напредната технологија и интуитивниот кориснички интерфејс, овие табли го прават процесот забавен и ефективен ;
- ☑ За реализација на ученички активности од областа на физиката набавени се модерни и современи нагледни средства и помагала.
- ☑ Набавени се 10 статични бели табли и една подвижна, како и 10 подвижни и 10 статични столчиња кои ќе бидат наменети за во училишната медијатека и просторијата на средношколската заедница.
- ☑ За одржување на зелениот појас во училиштето набавена е нова тревокосачка и батериска дувалка за лисја.

**Наставни средства и материјали за учебната 2024/25 година година**

За подобрување на квалитетот на наставата и учењето, преку наменско трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за Училиштето, беа реализирани активности за набавка на ИКТ опрема, со цел подобрување на наставата и административната поддршка. Набавени се 25 лап-топи за учениците, кои овозможуваат побрз и поефективен пристап до дигитални образовни ресурси. Дополнително, обезбедени се 14 десктоп компјутери, распределени за потребите на кабинетите по информатика, наставничката канцеларија и административните простории, што значително ја подобрува работата на персоналот и учениците. Со оваа опрема, училиштето значително ја подобрува својата технолошка инфраструктура и услови за настава.

Во текот на првото полугодие реализирана е набавка на 3 интерактивни панели, а во текот на второто полугодие уште 7 интерактивни панели и 3 смарт табли со вграден образовен софтвер, кои се распределени во училниците за подобрување на наставниот процес. Оваа опрема значително ја зголемува интеракцијата во наставата, овозможувајќи мултимедијални презентации и интеграција на дигитални ресурси. Со ова, училиштето ја подобри својата технолошка инфраструктура и создаде подобри услови за современа и креативна наставна пракса.

Обезбедено е доопремување на кабинетот по географија и ликовна уметност со современи нагледни средства и опрема. За активот по спорт и спортски активности набавена е спортска опрема.

Успешно е спроведена реконструкција на електричната инсталација во канцелариските и административен дел на училиштето. Оваа активност опфати:

1. Демонтажа на старата инсталација - Безбедно отстранување на застарените електрични инсталации кои претставуваа потенцијален ризик за безбедноста.

2. Инсталација на нови кабли и системи - Поставување современи електрични инсталации согласно стандардите за енергетска ефикасност и безбедност.

3. Поставување нова опрема - Замена на прекинувачи, штекери и осветлување со нови, енергетски ефикасни уреди.

4. Тестирање и пуштање во употреба - Извршени се сите неопходни проверки и тестирања за функционалност и безбедност на системот.

Со оваа реконструкција значително е подобрена енергетската ефикасност, зголемена е безбедноста на вработените и обезбедени се услови за непречено работење. Оваа активност е дел од стратегијата за модернизација на инфраструктурата на училиштето.

Во текот на првото полугодие, беа спроведени активности поврзани со проектот за реконструкција на спортското игралиште. Главниот фокус беше насочен кон завршување на тендерската постапка, која беше успешно реализирана. Со ова, обезбедени се сите неопходни услови за почеток на градежните работи, кои се предвидува да започнат и да се спроведат во следниот период. Очекувањата се дека реконструкцијата ќе биде завршена според планираните рокови и стандарди, со цел обезбедување на современо и функционално спортско игралиште за потребите на заедницата. Истото е завршено и на почетокот на учебната 2025/26 година ќе биде свечено пуштено во употреба.

Реализирани се активности поврзани со набавка на потребни материјали за извршување на ситни поправки и тековно одржување. Целта на овие активности беше да се обезбеди непречено функционирање на објектите и опремата. Обезбедено е складирање и распределба на материјалите до одговорните лица за извршување на поправките. Активностите продолжуваат во наредниот период, со фокус на ефикасност и рационализација на ресурсите.

Во првото полугодие од годината, спроведовме активности за испитување на микроклиматските услови во сите простории на училиштето со цел обезбедување оптимални услови за работа и престој на учениците и наставниот кадар. Клучна активност

беше мерење на температура, влажност и квалитет на воздухот. Извршено е мерење во училниците, канцелариите и заедничките простории. Податоците покажуваат дека просечните вредности се во рамките на препорачаните стандарди.

Завршени се постапките за јавни набавки и во периодот кој следува ќе се реализира опремување на стоматолошката лабораторија со современи работни бироа и соодветна опрема, со што ќе се создадат услови за квалитетна практична настава и усовршување на учениците од здравствената струка, како и поставување на нови клупи за седење во западното крило од училиштето, наменети за одмор и престој на учениците во текот на слободните часови.

Со наведените инвестиции се подобруваат условите за работа, практична обука и престој на учениците, што претставува значаен чекор во унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

### *6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар*

**Извори-документи кои се прегледани:**

- Годишна програма на училиштето
- Увид во досиеата на вработените

**Добиени информации**

- училиштетото има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот кадар е квалификуван согласно потребите на училиштето.
- Согласно потребите на училиштето вработени се 68 наставници од кои 43 се жени, 25 се мажи. Сите наставници се со завршено високо образование. Оваа година за потребите на здравствената струка хонорарна настава одржуваат 4 лекари-специјалисти од Медицинскиот центар од Гевгелија.
- Според етничка припадност 67 наставници се изјаснуваат како Македонци, а еден наставник како Црногорец.

Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Личен план за стручно усовршување

Анкета : **Знаења и вештини кои сакам да ги унапредам во наредната учебна година**

| Одговор | Број на Наставници | Вкупен број наставници | Процент |
|---|---|---|---|
| Неодговориле | 30 | 73 | 41.09% |
| ИКТ | 13 | 73 | 17.81% |
| Интерактивна настава и нови методи и техники | 10 | 73 | 13.70% |
| Посета на семинари и обуки | 8 | 73 | 10.96% |
| Унапредување на образовниот процес | 7 | 73 | 9.59% |
| Унапредување на оценувањето | 3 | 73 | 4.11% |
| Подобри резултати кај учениците | 4 | 73 | 5.48% |
| Знаења и вештини од македонски јазик | 5 | 73 | 6.85% |
| Друго | 13 | 73 | 17.81% |

Тема: Професионален развој

**Мојата професионална цел за оваа година е (усовршување на подрачјето...со цел...)**

| Одговор | Број на наставници | Вкупен број наставници | Процент |
|---|---|---|---|
| Не одговориле | 16 | 73 | 21.92% |
| Подобрување во наставата | 28 | 73 | 38.36% |
| Подобри резултати кај учениците | 20 | 73 | 27.40% |
| Реализација на наставната програма | 11 | 73 | 15.07% |
| Усовршување во примената на ИКТ во наставата | 9 | 73 | 12.33% |
| Нагледност во наставата | 2 | 73 | 2.74% |
| Друго | 21 | 73 | 28.77% |

**Потребни ми се нови наставни средства и помагала**

| Одговор | Број на наставници | Вкупен број наставници | Процент |
|---|---|---|---|
| Неодговориле | 23 | 73 | 31.51% |
| Имам потреба но не се наведени конкретни средства | 5 | 73 | 6.85% |
| Имам потреба од конкретни средства и помагала | 45 | 73 | 61.64% |

Тема: Професионален развој

**Имам потреба од дополнителни стручни усовршувања**

| Одговор | Број на наставници | Вкупен број наставници | Процент |
|---|---|---|---|
| Не одговориле | 23 | 73 | 31.51% |
| Имам потреба но не се наведени конкретни теми | 3 | 73 | 4.11% |
| Имам потреба од усовршување од одредени области | 47 | 73 | 64.38% |

Тема: Професионален развој

**Додатни потреби кои можат да се остварат во училиштето, а кои се во врска со моите професионални цели**

| Одговор | Бројнанаставници | Вкупенбројнаставници | Процент |
|---|---|---|---|
| Не одговориле | 38 | 73 | 52.05% |
| Имам додатни потреби | 35 | 73 | 47.95% |

- Старосната структура на наставниците моментално е: -
- -помеѓу 20- 30 година = 4

  - 31-40 --------- = 6

- 41-50 --------- =32
- 51+ --------- =26

- Согласно акциските планови на училиштето зголемена е стручната оспособеност на наставниците за реализација на наставата, а како инструмент се реализираните обуки од страна на БРО и ЦСО. Континуирано, во изминатите учебни години, се реализираат проектите од програмата „Еразмус +“. Училиштето е во мрежата на европски училишта кои успешно имплементираа проекти од програмата „Еразмус +“. Повелбата за стручно образование и обука обезбедува општа рамка за квалитет на активностите во европската и меѓународната соработка, поддршка во градењето на капацитетите за организирање на квалитетни мобилности на ученици и вработени, а во исто време и промовирање и развој на квалитетот на мобилноста. Наставниот кадар од економско-правна и трговска струка, машинска и угостителско-туристичка струка успешно реализираа професионална практика во Португалија и Шпанија и изврши дисеминации на другите наставници и ученици. Исто така беа вклучени и наставници во мобилност во Атина, Грција.
- Професионалниот развој на наставниците на ниво на училиште подразбира учење на наставниците едни од други, или хоризонтално учење. Размената на искуства помеѓу наставниците на ниво на училиште или на ниво на училишта се одвива преку размена на искуства базирани на сопствената пракса при реализацијата на воспитно-образовниот процес или пак различен начин на организирани средби и состаноци.

Реализирани обуки, семинари во учебната 2023/4 и 2024/25 година

1.„Начини на превенција и справување со насилството во училиштата”- реализирана на 14.12.2023 г. Организатор: МОН
2. GLOBE семинар се одржа од 5 до 7.12.2023 год. .
3.Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и слично), одржана на 12.06.2024 година.
4. Обука на ден 21.12 2023г во Кавадарци на тема-,,зголемување на атртактивноста,инклузивноста и релевантноста на стручното образование и образованието за возрасни,,

5. Обука за наставници од средните училишта на тема:Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава . Обуката е акредитирана од страна на БРО и се изведе во три работни дена ( од 30.6.2025 - 2.7.2025 )

6. Обука за ПИСА тестирање – 26.11.2024, Кавадарци, организатор ДИЦ и МОН на РСМ

***Индикатор 6.5 Финансиско работење во училиштето***

**6.5.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**

Во училиштето постои комисија за јавни набавки која ги врши потребните активности согласно со законските прописи. Почитуван е **Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ“ бр. 24/2019 со измени и дополнувања)**, кој предвидува транспарентни постапки, електронски планови за јавни набавки и електронски жалби, што училиштето редовно го спроведува.

Планирањето на средствата се врши според потребите за: плати на вработените, трошоци за хигиена во училиштето, подмирување на сметки за струја, вода, греење, како и тековно одржување.

Увид во финансиските средства има директорот, книговодителот и секретарот, а преку финансискиот извештај што се доставува до локалната самоуправа увид има и јавноста. Ова е во согласност со **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** („Службен весник на РМ“ бр. 13/2006 со измени и дополнувања), кој училиштето доследно го применува преку навремено доставување и објавување на податоци.

При финансиското работење училиштето ги почитува и одредбите од новиот **Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр. 255/2024),** со кој се воспоставува систем на финансиско управување и контрола, внатрешна ревизија и управување со ризик. Училиштето е во процес на воспоставување на постапки за внатрешна контрола и отчетност, согласно овој закон.

Во делот на кадровското работење и исплатата на плати, училиштето постапува согласно со **Законот за вработени во јавен сектор и Законот за административни службеници,** со што се обезбедува законитост, професионализација и транспарентност во управувањето со човечките ресурси и финансиските средства.

Редовно се обезбедуваат обрасци за работа, службени весници и други документи за следење на законските промени (преку претплата на „Службен весник“ и пристап на www.sluzbenvesnik.gov.mk)

